# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Четвртото продолжение на Четириесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 20 април 2000 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по 42-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Јордан Бошков, Латиф Пајкоски и Амди Бајрам ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Притиснете го системот за гласање.

Имаме 77 пратеници, што значи, констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Дами и господа пратеници, јас предлагам, согласно тежината на точките на дневниот ред, имаме претставник од Владата, да се вратиме на точката 4 од дневниот ред.

Минуваме на 4-тата точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за угостителска и туристичка дејност, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работите тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за угостителската и туристичката дејност.

Ве молам да гласаме.

63 пратеници гласаа за, 5 се воздржани и 7 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

67 пратеници гласаа за, 5 се воздржани и 2 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Нано Ружин.

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, претставници на Владата.

Сметам дека овој закон го заслужува вниманието на сите нас и не би сакал туку така да помине, со оглед на тоа што се работи за една измена која е мошне битна, дотолку повеќе што знаеме дека во едно општество кое е во криза, каде што вредностите се мошне дискутабилни, особено со големите промени по транзицијата, во овој домен дојде до еден, би рекол, масовен хаос, бидејќи законот се однесува во смисла на уредување на статусот на угостителските објекти кои функционираат без никаков ред. Сите знаеме дека се работи за проблемот околу овој неред кој всушност е проблем на едно цело општество, затоа што сите млади излегуваат по цели ноќи, поминувајќи го своето време и многу родители, па дури и меѓу младите некако, иако со критика гледаат на самиот овој феномен, сепак не постоеше, можеби и внатрешна сила, но и расположение нешто да се промени во овој домен. Затоа јас би сакал да го поздравам овој закон. Но, доколку дојдат овие измени дека навистина оние што работат во овој домен, навистина би требало да ги респектираат овие промени, бидејќи знаеме од досегашните искуства и покрај големите најавувања, промени, законодавци итн., сепак поради нереспектирањето на Законот доаѓало до прекршување итн.

Сметам, и амандманите што се доставени дека соодветствуваат што сите како општество сакаме да воспоставиме некои односи во доменот на функционирањето на угостителските

објекти, бидејќи тие како што знаеме повлекуваат маса на млади, овие институции стануваат еден вид и општествен и социјален и психолошки и куртуролошки проблем на нашето општество. Затоа со целиот респект јас и сите мои колеги ќе гласаме за усвојување на овие промени, со тоа што сакам да истакнам уште една дилема. Тоа е во делот каде што се зборува дека се ограничува работењето на истите во период од 1 мај до 1 август во урбаните средини, односно во туристичките места тој период е поголем за 15 дена, некаде до 15 септември. Затоа, би сакал да се размисли околу следниот предлог:

Ние знаеме дека во некои туристички места после 1 август, искуствата ни покажуваат дека не постои голем број на туристи, на пример Крушево, Охрид итн., додека целата маса на луѓе се враќа во Скопје. Во тој правец би предложил предлагачот на законот да размисли околу оваа одредба дали не е можеби пореално во урбаните центри исто така да се изедначат овие рокови односно да бидат некаде до 15 септември рокови односно она продолжено работно време од еден час, како е предвидено во туристичките места, бидејќи ќе дојдеме во ситуација, на пример знаеме дека Скопје и другите центри поголема маса на народ е присутна во овој дел од годината отколку на пример во нашите туристички центри.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Нано Ружин за учество во расправата.

За збор се јави господинот пратеник Ристо Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Влада, почитувани колеги пратеници,

Јас немав намера да дискутирам за овој закон, меѓутоа, почитуваниот колега Нано Ружин ми даде мотив за дискусија бидејќи од неговото укажување произлегува дека хаосот и нередот во угостителската дејност настанува после парламентарните избори 1998 година, односно дека од тогаш наваму почнува тој хаос и неред, за што јас лично не можам д се согласам, бидејќи мислам дека тој хаос и неред во овој сегмент стои од многу поодамна. Мислам дека е крајно време да се воспостави некој ред во тој сегмент, бидејќи ако ги погледнеме сите работи малку подлабоко ќе видиме дека тука навистина постои хаос кој треба да се регулира. Имено, јас тука би прокоментирал една работа која што на сите нас веројатно ни е доволно позната и треба сите ние заедно да вложиме максимални напори, без оглед дали се работи за членови на Собранието од позицијата или од опозицијата, одредени зла кои ни се јавуваат во тој поглед, да ги надминеме. Имено, работата на локалите после 23,00 или 24,00 часот, дури после 01,00 или 02,00 навистина создава сериозни проблеми во смисла на учеството на младината во тој таканаречен ноќен живот. Имено, сигурно на сите вас ви е познато дека најчести посетители на таквите ноќни клубови и ноќни забави се токму најмладите генерации на возраст под 18 години и тогаш постои можноста за прв пат во својот живот да се сретнат со одредени пороци кои понатаму ги практикуваат во нивниот живот, а тоа се алкохолизмот и никотинизмот и наркоманијата. Дури мислам дека овој закон во одредени сегменти треба да биде и многу поригорозен затоа што веројатно сите ние сме прошетале по Европа, во одредени светски центри каде што работата на овие локали е ограничена до 22,00 часот, а ретко некаде до 23,00 часот. Така да јас разбирам дека во овој сегмент мора да се направат сериозни размислувања и да се има увид во целата состојба за да може правилно да се реагира. Мојата дискусија беше токму на тоа насочена дека хаосот не настанува после парламентарните избори, туку таа постои подолго време и крајно време е ние со тој проблем малку посериозно да се позанимаваме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на. пратеникот Ристо Спанаков за учество во расправата.

За збор се јави господинот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Токму со заклучокот на претходниот дискутант јас ќе ја почнам мојата дискусија дека со ова прашање посериозно да се занимаваме.

Јас побарав збор уште кога вие претседателе вие отворивте расправа за потребата до донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за угостителска и туристичка дејност. Меѓутоа, веројатно подоцна сум притиснал и не сте забележале навреме и не сакав понатаму да е пријавам, бидејќи разбирливо е чекав понатаму да се отвори расправа по текстот и да го изнесам моето мислење.

Предлогот ми беше овој предлог да се повлече од процедура од следниве причини:

Прво, што во ова област треба да се уредуваат севкупно односите.

Вие знаете дека пред 2-3 месеци расправавме за предлог за донесување на закон за угостителска и туристичка дејност со кој акт целокупната сфера во оваа област се регулира и односите како што се начинот на основање, објектите во кои ќе се извршува дејноста, времетраењето, условите кои треба да ги исполнуваат фирмите кои извршуваат ваква дејност итн. Оттука, навистина ми е неразбирливо кога имаме веќе во постапка таков текст кој севкупно ги уредува овие односи, зошто со една ваква интервенција се сака да се изменат одредби само околу работното време на овие објекти. Мислам дека е несериозно и недопустливо само заради фактот што одделни претставници на угостителски објекти биле на разговор кај премиерот и фактот што тој им ветил дека ќе направи отстапка, односно дека ќе дозволи времетраењето на работа на овие објекти ќе го продолжи и веднаш утредента Министерството за стопанство, ако не грешам, да изреагира и пред Собранието да понуди измени на постојниот закон, а во меѓувреме пред 3 месеци пуштил друг закон за регулирање на севкупните односи во оваа област.

Еден текст во кој во 5 точки се наброени само прашањата на работното време на овие локали, набрзина да се пушти, мислам дека е несериозно. Немаше ништо да се изгуби ако министстерството ја забрзаше постапката и го пуштеше во втора фаза текстот на законот за угостителска и туристичка дејност, а во кој ќе беа предвидени и измени во делот на работното време на овие објекти. Тоа е едно.

Второ, факт е дека и порано имаше пречекорување на работното време, но се толерираше.

Со последните акции на Управата за јавни приходи, во содејство со МВР и трудовата инспекција, беа преземени некои мерки кои ја дигнаа атмосферата во јавноста, поготово кај помладата популација и тоа е единствениот аргумент за ваква реакција на Владата. Сметам дека тоа е недоволно сериозно и ценев дека Собранието треба да и предложи на Владата ги повлече овие измени само во тој член и побрзо да се нафати и на Собранието да му достави конечниот текст на Законот за угостителска и туристичка дејност.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Насер Зибери за учество во расправата.

За збор се јави господинот пратеник Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Почитуван претседателе,

За разлика од претходниот дискутант, јас мислам дека треба да се прифатат овие измени за изменување и дополнување на законот за угостителска и туристичка дејност.

Она што се случуваше во јавноста пред неколку недели; односно во угостителските објекти предизвика интерес во јавноста и би рекол големо подвојување на таа јавност. Од една страна имаме одобрување од родителите кои сакаат да си ги видат своите деца порано дома и до некаде има негирање на младината која мисли дека се спроведува една акција која за цел ја има самата младина, така што некој сака да ја натера младината да си оди дома, да не се влечкаат по улици и на некој начин да се дисциплинира целото општество, што; еве, опозицијата умешно го користи и ни го претставува како некој маркетиншки потег на Владата односно дека едноставно власта се обидува да воведе хаос во државата. Напротив, јас мислам дека едно воведување на ред односно спроведување на законот, без разлика на се, мора да се одобри максимално и мислам сите оние што акцијата ја толкуваат во смисла на маркетиншки потез на власта се доведуваат во една незавидна ситуација, затоа што не станува збор за хаос, не станува збор за организиран напор на власта да ја врати младината дома, туку напротив, мислам дека и повеќе од јасно е дека угостителските објекти, има повеќе моменти кои треба да се регулирани со Законот, кој што треба да бидат доведени во ред и мора да бидат допрени, а за жал некои структури долго време не ги допираа. Се појавува често ситуација да има млади луѓе кои работат таму, кои се непријавени, кои што ја трошат својата младост, а немаат никаква сатисфакција во врска со законот и во врска со она што ги очекува кога ќе им поминат тие денови на младоста.

Понатаму, често се случува неуплаќање на даноци. Значи, многу од угостителските објекти работат на своја рака, па се доведуваме во ситуација луѓето кои поседуваат угостителски објекти да бидат сметани за некои нови богаташи, односно луѓе кои стекнуваат голема

материјална корист само затоа што поседуваат угостителски објекти. Задницата на тоа е токму неуплаќањето на даноци, сигурно користењето и појавата што ја имаше многу често на пијалаци без бандероли, значи на акцизана стока. Значи, имавме и едно прекршување на законот во повеќе сегменти. Меѓу другото и пробивање на работното време кое што искомбинирано со сите овие претходни моменти, не пријавување на работници не уплаќање на даноци, користење на акцизни стоки кои немаат бандероли и пробивање на работното време, на тој начин се создаде хаос во угостителските објекти, или ако сакате во ноќниот живот.

Сметам дека акцијата што беше спроведена од повеќе управи нема зошто да не биде оправдана. Меѓутоа, во таа акција нормално е дека се создава еден отпор на младината. Во тој правец сметам дека треба да се поддржат овие измени и дополнувања на законот за угостителска и туристичка дејност, затоа што власта сака да покаже дека нема намера со сила некој да го врати дома, туку дека има намера целата ова област да ја регулира со закон. И најбитно од се, тоа регулирање со закон откако ќе биде спроведено, откако ќе бидат усвоени измените на претходниот закон, дека власта има намера да го спроведува законот.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:** (Продолжение)

Значи, имавме една акција која што беше прилично третирана во јавноста. Таа акција ги даде своите ефекти, добар дел од угостителските објекти веќе гледаат каде е законската рамка и како можат да се движат, меѓутоа се појавија, би рекол, и нус производи, се појавија и акции, се појавија коментари од различни интереси и групации, а тоа е интерес на групација на млади луѓе, интерес на групација на родители. Сето тоа со овие измени се балансира, се дозволува во летниот период да има продолжено работење. Мислам дека во една таква ситуација кога младите луѓе се наоѓаат на летен одмор, летен распуст нема зошто да не се забавуваат малку подолго. Едноставно од аспект на Законот не е проблематично, можеби е проблематично и Владата да размисли какви одредби во законот да се вградат, односно дали треба да се поострат одредби во насока на угостителски објекти за оној што ќе служи и што ќе толчи алкохол на малолетници, за оној што нема да има јасни ознаки во угостителски објекти затоа дека после 12,00 часот не е дозволен пристап на малолетници или за оној што ќе, угостителски објект во кој што ќе бидат затекнати малолетници, кој се или со алкохол или после 12,00 часот. Значи апелирам законодавец, односно Владата да размисли малку во таа насока затоа што согласно овој закон и согласно она што се напорите на Владата кој што можеме да ги видиме во овие акции, а мислам дека едно мало потполнување фали во таа насока. Тие одредби ми се чини дека ги има во Законот но без разлика што ги има во Законот треба оние инспекции кои што ги гледаме дека деновиве одат горе-долу низ градот малку повеќе да одат во таа насока да видиме....

(Се извинувам Поповски како да забележувате нешто).

Господине Поповски, вие кога дискутирате....

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Зборувајте си вие, јас давам збор.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Претседателе дозволете една мала дегресија.

Вие кога дискутирате често се жалите на претседателот на Собранието да овозможи ред, да ве слушаат сите, па и кога имате така да кажам "жалопојки", инсистирате да ве слуша цело Собрание. Дозволете и ние нешто да кажеме.

(Никола Поповски му коментира од место како да се специјалист).

Незнам дали сум специјалист, меѓутоа, како млад човек и јас излегувам. Тоа можам да ви потврдам. Тоа не го кријам, но полнолетен сум.

Така што, Владата да размисли околу примена токму на оние моменти за малолетници. Мислам дека тука треба да имаме малку поостра регулатива и комплетирајќи ја дискусијата...

(Реагирање на пратениците во салата).

Претседателе ако може да завршам.

Тоа е практика што ја применуваат пратениците од опозицијата, секогаш се обраќаат да обезбедите ред, па ако сакате сега да обезбедите ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Повелете, ве молам да бидеме колегијални.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Така што мислам дека заокружувајќи ја дискусијата сметам дека треба да им дадеме поддршка на измените за дополнување на Законот за угостителска и туристичка дејност.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот Филип Петровски за учество во расправата.

Претпоставувам дека од дискусијата е поттикнат господинот пратеник Насер Зибери, па има реплика.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

И поттикнат и бев спомнат, инаку немав намера да учествувам во расправата. Но, во римското право постои едно правило кое вели "венире контра фактум проприум". Претходниот дискутант токму со тоа се служеше.

Ако намерата на Владата е да го спречи непријавеното вработување, да ја спречи експлоатацијата на трудот, да го спречи консумирањето на алкохол кој е без бандероли итн. итн. тоа не се прави со вакви мерки, туку обратно со ограничување на работното време а не со продолжено работно време. Со контрола на инспекциите на трудот за вработените односно тие што работат а не се пријавени во тие локали. Со контрола на Управата за јавни приходи за бандеролите итн. итн. Тоа е едно.

Второ, не е точно дека со овие мерки се регулира севкупно прашањето. Напротив, се работи само за една интервенција и тоа еден член кој го регулира само прашањето на работното време.

Трето, како да не се сфати како маркетинг ова прашање кога свесно довчерашниот директор на Управата за јавни приходи знаејќи ги одредбите на Законот кој денес е на дневен ред, презема акции, ги затвора локалите, утре има реакции од угостителите и младината и Владата се прикажува широкограда, па еве ќе ви продолжиме работно време кога во исто време во постапка има закон со кој се регулира севкупната област во Република Македонија. Затоа сметам дека несериозна е интервенција и оттука побарав Владата да го повлече законот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам. За збор се јави господинот пратеник Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, ценети новинари, излегов со една единствена цел, не сакам да лицитирам околу измените и дополнувањата на Законот за угостителска и туристичка дејност, туку сакам да дадам еден сеопшт придонес, бидејќи овде нема да зборувам само за претставниците на Владата, заради пратениците, туку зборувам за целокупната јавност во Република Македонија.

Ова зло, или ова тегобија што не снајде во Македонија почнувајќи од 1990 година сите ние ја гледаме и сите ние добро ја познаваме? меѓутоа, сите се прашуваме што не снајде и никако да го решиме ова прашање и се вртиме само во круг. Токму заради тоа јас излегов за да кажам некои од моите размислувања околу тоа како да го создадеме јавното мислење за надминување на оваа состојба во Република Македонија.

Мислам дека со едни вакви измени и дополнувања, потполно се согласувам со одредени говорници што зборуваа пред мене дека целосно не се решава проблемот и дека не е тоа правото и вистинското решение. Ние овде имаме комплексен проблем во кој треба да се вклучат сите институции на државата (образование, здравство, владини и невладини организации, младински организации итн. итн.). Тоа е неминовно затоа што ние создадовме од неморалот во дадениот миг да го претставиме како морал. Она што господ ни го дал како човечки суштества, дење да работиме ноќе да спиеме, ние го правиме обратното. Ние одиме не во прилог на природата, ние одиме против природата. Ние треба дење да работиме и ноќе да спиеме. Денес најголемиот дел во Македонија, нашите деца дење спијат, ноќе работат, но тоа зависи од економскиот развој на државата, од степенот кој ќе го достигнеме како сеопшт благодат на граѓаните на Република Македонија. Ние не можеме да се залажуваме дека од социолошки аспект само ќе ги наброиме работите и се е завршено. Не, ние мораме овој комплексен проблем да го подигнеме на едно повисоко ниво во државата и преку сите тие институции да ја покренеме и свеста кај младината и кај децата. Свеста дури и кај родителите за едуцирање на своето семејство и да можеме по пат на донесување на сите овие закони да може тоа прашање да се надмине. Инаку, јас верувам дека со овие измени и дополнување се прави некаков чекор и можеби има некаков компромис, бидејќи треба да сфатиме една работа. Голема вистина е во Македонија дека сите оние што денес работат во таа дејност, а и во други дејности главната цел е профитот. Парата руши се. Руши цитадели и бедеми и тврдини и се, меѓутоа ние на тоа зло мора да се спротивставиме. Парата не може да ни ги попречи децата, или да ни ја загрози иднината, целокупната популација -на Македонија живее ноќе. Тоа е феномен без

преседан во Македонија. Ако ние така сеопшто не размислуваме мислам дека само со парцијални закони не се решаваат овие работи. Сето тоа треба да биде осмислено во еден систем на повеќе закони, почнувајќи од градежна дозвола, санитетска дозвола итн. итн. за да можеме комплексно да го градиме тоа прашање.

Затоа сакав вака конструктивно, без да лицитирам, да укажам како треба тие институции во државата да се вклучуваат и всушност да си ја покажат својата работа и на дело да докажат дека навистина му е до тоа, иднината на младите генерации да се наоѓа во дејностите на спортот, во работата, во другите вештини, а не само во пијанењето или во ноќниот живот.

Јас знам една друга работа. Нашите стари, а и сите здравствени работници признаваат еден феномен на работата. Тоа е времето на глуво доба, кога станува преокрет во вселената и кога човечкото суштество не треба да се движи, тоа треба да спие, да одмара, кога се менува и биоритамот итн. и движењето на крвта е друго. Значи, тоа ако се подигне на едно ниво од страна на здравствените работници повеќе деца ќе сфатат дека навистина тој миг треба да одат да уживаат, или да се рекреираат, но после тоа треба да одмараат, да спијат во мирен детски сон за утре да бидат способни на училиште, на работа, на дејности што таткото или мајката ги задолжиле итн. Незнам дали сум јасен, можеби е за смеење, меѓутоа нашите стари така практикуваат и сето тоа е докажано денес. Можеби во поранешните времиња беше апсурд да се зборува за таквите феномени, но денес и со големиот технолошки развој и развиток на општеството во целина многу работи се докажуваат На пример леунството кај жените никој досега не го докажал, но навистина постои тоа. Затоа треба малку покомплексно на овој проблем да се обрне внимание.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Ѓорѓи Котевски.

Господинот Нано Ружин бара реплика.

**НАНО РУЖИН:**

Бидејќи беше употребен еден збор "социолошки", незнам на што господинот Котевски мислеше. Ние имаме реален проблем не само во Македонија, туку во целото општество во транзиција, проблемот на кризата на вредностите. Секако дека една од манифестациите на таа криза на вредности е токму хаосот, нередот во овој простор. Некој рече дека проблемот е наследен итн., но проблемот се наметнува со воспоставувањето на пазарното стопанство. Не го донела ниедна политичка партија, туку пазарната логика, или нешто што на запад го викаат дивлив реализам понуда и побарувачка со хаотични и неартикулирани насоки и правила.

Инаку сега што Котевски зборуваше малку ме асоцира на теоријата за новиот човек која што е уште од времето на комунистичките времиња правена. ние не можеме на младите да им кажуваме дека сите ќе ги воспоставиме, ќе ги униформизираме итн. Односно промената не може да дојде од одозгора. Промената може да дојде само од реалните општествено економски, социјални, социолошки, културолошки итн. процеси во општеството. Дали на тој млад ќе му најдеме работно место, дали ќе му овозможиме стимулација односно ќе му оневозможиме да го губи своето време по цели ноќи како што тој вели. Значи, проблемот е многу подлабок од овој закон, меѓутоа, со оглед дека сме општество во криза нека не го сфатат господата од власта дека е критика на власта, туку општество кое што е насекаде во земјите во транзиција. Затоа се носи овој закон. Многу поефикасно би бил Законот за зголемување на вработувањето кога тие млади би ги натерале според логиката на нештата да бидат ангажирани и да работат. Веројатно, тие не би го губеле своето време и затоа мислам дека нема човек во оваа сала кој што не го поддржува, дали го носела претходна или сегашна, или идна влада напорот што е искажан во овој закон. Мислам дека на таа релација дискутиравме сите и сметам дека е позитивно овој домен да се регулира со закон. И не само што ќе се регулира со закон, туку тој закон да биде респектиран, затоа што сите ние знаеме дека постојат одамна голем број на законски решенија кои што не беа респектирани токму од некои угостители. Затоа сметам дека тука треба да се биде ригорозен, меѓутоа, проблемот настанува како глобален проблем во општеството.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот Нано Ружин.

Јас ве молам репликите да не ги користиме за нови расправи, затоа што навистина имаме доста дискутанти денеска. Ова што е пријавено овде ми се чини дека половина од работното време ќе ни го одземе. И да не реплицираме, да не се докажуваме, затоа што навистина е сложена

темата и дозволува простор за различни гледања и различни аспекти на проблемот.

Господинот Ѓорѓи Котевски сака да реплицира.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, во никој случај не сакав да лицитирам со мојот говор. На господинот Нано Ружин не сакам на неинтелектуален начин да му одговорам, бидејќи бев многу јасен што сакам да кажам со мојот говор. Истото она што го зборуваше ти од социолошки аспект држи. Мислам дека злото е дојдено без разлика која политичка партија ќе го решава, љубовта кон децата, кон младината ни е заедничка и тука нема преседан. Јас мислам дека треба малку повеќе да се слуша кога еден човек говори на говорница за да може обратно да се препира итн.

Јас навистина се извинувам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор има госпоѓата пратеник Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници.

Се согласувам дека се работи за интервентни промени на Законот, меѓутоа не сметам дека истите треба да се вратат кај Владата. Напротив, треба да се донесат на денешнава седница од причина што еден многу значаен сегмент од Законот за угостителство и туристичка дејност а тоа е времетраењето на работата на оние кои се занимаваат со дејности да се регулира со закон.

Морам да кажам дека лично многу ми сметаат лошите изјави од страна на поедини пратеници кои велат дека Владата со ова прави маркетиншки потег, па испаѓа дека тогаш ако се дрзнал и како се дрзнал премиерот да разговара со една сериозна асоцијација на луѓе кои се бават со оваа дејност, пред да се предложат предлог измените на овој закон и ако претходно цела една асоцијација, а тоа се инспекциските служби, органите на МВР интервенирале се со цел да се види како се почитува постојниот закон за работно време и сето тоа претставува маркетиншки потег. Напротив сметам дека се работи за добра желба на сите нас оваа дејност која што е доста сериозна и во која што учествуваат голем број на луѓе од различни сегменти конечно се регулира со закон.

Она што сакам да ви го предложам, а да стане составен дел на крајот на расправата на овој закон е да се предложи работен заклучок до Владата навистина да се подготви комплетен и целосен закон за угостителска и туристичка дејност, бидејќи колку што мене ми е познато, а имам работено во оваа дејност во санитарната инспекција, Законот е од доста постар датум, нема претрпено нови иновации особено во делот при регистрација на одредени угостителски објекти, односно Правилникот за минимално технички прием, така да се случува одредени објекти да бидат регистрирани по една дејност, а работат нешто сосема ново од причина што таа дејност ја нема во постојниот закон.

Има амандмани кои што исто така го заслужуваат вниманието на ова Собрание и сметам дека дел од нив треба да бидат усвоени, меѓутоа целта на мојата дискусија беше да се предложи работен заклучок за доскорешно носење на закон кој што комплетно ќе ја уреди оваа област.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на госпоѓата Ѓулистана Марковска за учество во расправата.

Сега, по редоследот се јави заменикот министер за стопанство, господинот Ламбе Арнаудов. Веројатно дека некои дилеми ќе се расчистат и сигурно дека и на останатите дискутанти ќе им се даде одреден одговор.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Владата навистина смета дека е ова сериозен проблем и тоа го потврди со понудениот Предлог закон во декември, дури ние го предложивме да оди по итна постапка, затоа што ова е закон кој го опфаќа целокупното живеење во Република Македонија. Мислам дека токму тоа што таквото комплексно значење на овој закон каде што се опфатени сите сфери, ќе придонесе овој закон малку повеќе да се разработува, бидејќи текстот кој ние сме должни да го испратиме во релевантните министерства каде што и тие треба да дадат своја согласност за предлагање пред Собранието на таков закон, таа работа е мошне сериозна, бидејќи тој оди и во Министерството за градежништво и урбанизам, во инспекциите, во Јавните управи, во Министерството за труд и социјална политика, во Министерството за здравство, во Министерството за внатрешни работи итн. Значи, во сите сфери на живеењето на Република Македонија.

Како заклучок прифаќаме дека треба тој закон што побргу да се донесе и морам да ви кажам дека тој закон, текстот

на тој закон е мошне содржаен, одговара на состојбите кои сега ги имаме кои треба да се решат и санкционираат, што во секој случај ги задоволува сите барања на трите страни. Вие заборавате дека овде имаме три страни. Имаме луѓе угостители, кои се работодавачи, родителите и децата. Мислам дека не треба да ги запоставиме сите тие три работи. Оваа интервенција дојде токму заради работното време, затоа што мораше да се интервенира, а не беше тоа причина средбата помеѓу премиерот и одредена асоцијација, меѓутоа, Владата сепак треба да има предвид она на терен што се случува и сигурно дека рефлексиите што се добиваат од таму, на некој начин мора да се почитуваат и нормално е на тој начин да се гледа да се санкционира она што може. Јас сум согласен го г. Зибери дека еден таков комплексен закон ни е неопходен и најверојатно Вие многу скоро ќе имате прилика, меѓутоа, бидејќи туристичката сезона е на праг, а имавме интервенции. Од угостителите имаме интервенции затоа што е кратко времето. Кога зборуваме за вработувањето, она што го кажа г. Нано Ружин, навистина во сферата на туризмот и угостителството со светот е констатирано дека најбрзо вработување имаме таму. По едни сознанија на секои 4 минути се вработува човек во угостителство и туризам. Од таа гледна точка треба да се респектира и мислењето на луѓето кои држат угостителски објекти и со тоа горе - долу сега во една туристичка сезона да може да се ублажи големиот број на невработеност.

Втората работа, која исто така треба да се почитува е таа што ние имаме многу интервенции од родители, ќе ви ги набројам не се од туристичките градови, да речеме од Струмица, Штип, Кавадарци, па и Скопје каде што луѓето тврдат дека до 12 или до 1,00 часот не може да се легне да се спие и бидејќи многу туристички објекти се наоѓаат некаде во паркови или на посвежи места, луѓето верувајте или не, мислам кога интервенираа за времето. дури кажуваа дека со себе ги носат и своите малолетни деца, дури и бебињата, затоа што навистина во становите е извонредно тешко да се живее. Од тие причини ние предложивме да го регулираме на некој начин барем работното време, а со самото регулирање на работното време, доста се регулираат и некои други работи, кои, морам да признам, овде не се целосно решени само со работното време. Прифаќам, само со еден конзистентен закон, закон кој ќе ги опфати сите сфери на она што значи туризам и угостителство, почитувајќи ги нормите на сите оние кои се вклучени и прифаќам да донесеме еден таков закон. Министерството за стопанство се обврзува во најбрз можен рок да го продолжи тој текст со она што значи редакција, да речам, на еден начин, од оние кои се исто така заинтересирани останатите министерства и другите структури и институции во Република Македонија. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. заменик министер во Министерството за стопанство Ламбе Арнаудов.

Процедурално за збор се јави Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Бидејќи е изјава на претставник на Влада кој кажа дека секоја минута се вработуваат по 4 лица или на 4 мин. по едно лице, јас пресметав тука дека за еден месец би требало да се вработат 10 илјади лица, а за една година 120 илјади лица. Дали е тоа некоја свемирска математика или не знам. барам објаснување, бидејќи се работи за заменик министер.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави господинот заменик министер, бидејќи до него беше ова прашање така како математичко поставено.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Јас со особена почит ќе одговорам и сметам дека е тенденциозно ова тврдење. Јас кажав дека секои 4 минути се вработуваат луѓе во областа на туризмот и угостителството. Вие пресметајте колку луѓе се вработени во областа на туризмот и угостителството, а не мислев од вкупниот број на невработени. Од онаа сфера каде што да речеме 100 угостителски објекти имале 100 вработени или 200, во таа смисла тоа е податок кој се однесува во светот, а не во Република Македонија. Меѓутоа, зошто да не го следиме тој процес ако е таму најбезболно вработувањето.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Мерсел Биљали повторно сакате да реплицирате. Вклучете го господинот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Искрено кажувам јас ќе бев најсреќен да беше така, а уште посреќен ќе бев да се признаеше дека е лапсус и ништо повеќе.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Ламбе Арнаудов.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Верувајте господине Биљали воопшто не е лапсус, тоа е светска статистика и со новите норми насекаде во светот услугата на туризмот, вие сигурно подобро знаете, шетате секаде низ светот дека не е далеку времето кога ќе дојде и оној т.н. пресинг туризам односно еден гостин да служи еден вработен во угостителството. Мислам дека перспективите во една земја која има и туристички карактер, а има и специфичности кои можат да се сметаат како единствени, уникатни во Република Македонија во угостителството, не е далеку времето кога ќе дојде таквиот начин на работење и во Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор има господинот пратеник Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседател на Собранието, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници, искрено мислам дека многумина од нас мислеа дека еден многу џентлменски договор меѓу премиерот и неколку познати угостители во Република Македонија ќе помине глатко во Собранието на Република Македонија, но се покажа дека сепак со овој, на прв поглед краток и не значаен закон, допира во една многу значајна сфера. Се работи за сфера која е многу значајна и која бара широка дебата, која ќе ги вклучи со право како што рекоа и социолозите, психолозите и педагозите во една поширока дебата, која ќе укаже на начинот на воспоставување норми, правила односно систем на вредносно однесување на една цела популација, како што е младината на Република Македонија. Но, без оглед на тоа ќе морам да обрнам внимание дека се работи за многу значајна сфера и нема тука, како што рече заменик министерот, само 3 значајни сегменти односно 3 значајни заинтересирани т.е. угостителите, младината и родителите. Се работи за еден поширок социјален и државен интерес, затоа што такви угостителски објекти се наоѓаат, се лоцирани и во станбени згради, каде што покрај тоа што младите сакаат да се забавуваат, угостителите да се збогатуваат, има и други граѓани кои сакаат да се одмораат и нормално комотно да се чувствуваат во својот дом. Се работи за сфера која што, свесен сум за социјалната позиција на државата во која се наоѓаме и во неможност да им се нуди соодветна алтернатива на младите од областа на спортот и друго, но тоа никако не значи дека тешките периоди на живеење во оваа држава, ќе можеме да им го решиме со продолжување на рокот на чувство на пијанство односно пијанење. Тоа никако не е решение.

Затоа, господине заменик министер ќе ги поддржам идеите за потемелна анализа и што поскоро да дојде комплетен закон со една поширока дебата каде што ќе се видат сите сегменти на влијание во друштвото. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ**:

Му благодарам на г. пратеник Ризван Сулејмани.

Збор има г. пратеник Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Се повлекувам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам. Збор има г. пратеник Крале Спанчевски.

**КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Секако, најмладите заслужуваат најголемо внимание и почесто треба да им го дадеме ние на нив со единствена цел да ги спасиме нивните животи и да ги упатиме во нивниот понатамошен развој и нивно оспособување во понатамошниот живот кој ги очекува.

Ако само малку се осврнеме назад во далечната 1999 година и ако земеме предвид, а јас само ќе земам пример од мојот град од Кочани, каде имаше само 2 или 3 обични меани и едно или две кафулиња. што се служи од тој момент наваму? Значи, од транзицијата, поготово од 1992 година, 1993 година со огромен чекор почнаа да се зголемуваат т.н. кафулиња односно кафичи. Исто така, се даде еден осврт односно развој на малото и средното стопанство. Со тоа може да се пофали нашиот град. Но, секако, се развиваа овие мали стопанства, но ќе кажеме во нив вработувања наоѓаа многу мал број од нашите млади стручни кадри. Додека вработувањето во овие кафичи, кои ги спомнаа и другите колеги, каде што не наоѓаа ниту добро, ниту осигурување, ниту добри примања, само ја даваат својата младост на луѓето кои ги отвораа овие кафичи, односно на ново создадените газди. Се понатаму се зголемуваше бројот на зависниците од алкохол и наркоманите. Така, денес да ви кажам дека тоа е една огромна цифра закочени, веќе се регистрирани околу 175 тешки наркомани, а веќе да не кажам колкав е бројот на

зависниците од алкохол. Дали само знаете колку деца со какви напори на Медицинскиот центар на внатре вработените е да ги повраќаат во живот. Опијанети малолетни деца, тоа се момчиња и девојчиња. Дали ние сакаме да создадеме гарда на лилјаци или сакаме да создадеме една здрава младина и вредни работници, добри граѓани на Македонија. Затоа, гледам дека никој ни досега не го слуша гласот на родителите, кои во немоќ да ги спречат своите деца и замислете си, овде многупати се зборуваше сакаме Европа, модерни движења. Па, еве, да го земеме само законот од било која европска земја. После 22,00 часот во ниедна европска земја не смее да се види забележан малолетник ниту во локал, ниту на улица. Додека нашите малолетни деца излегуваат после 11,00 и 12,00 часот. Затоа, за жал, ние и јас како пратеник, а уште поодамна како поранешен кандидат за градоначалник на општина Кочани имав моја програма, дел од таа програма е спроведена со ригорозно намалување на работењето на овие локали. Целата оваа наша определба наидуваше на реакција, но сепак, луѓето кои живееја во зградите и кои се преполни со овие кафулиња, беа задоволни. Тоа дојде на добар одѕив. Дури сега да не бидам лошо сфатен дека со овој закон повторно се дозволува на овие кафулиња да им се зголеми работното време. Но, повторно ќе кажам можеби и не е тоа толку голем проблем, еве, спрема овие трендови за младината, но не за оние, кои овде ги спомнуваме, малолетниците како категорија на граѓани. Сепак, се однесува и за целата младина. Нека се задржи и овој период на работењето, но треба категорични да бидеме во законот против оние кои ги создаваат овие кафулиња, значи со ригорозни мерки на точење на алкохол на малолетници, што мислиме дека ќе постигнеме заедно со родителите и ние како законодавен дом и со помош на полицијата, со помош на инспекторските служби дека ќе успееме да ја доведеме во ред целата наша држава односно нашата младина. Малку ќе направиме една дигресија, одречувајќи се од оваа тема на она што се служуваше од вчерашната. Некои беа душегрижници од тоа што со Законот за акцизите би се дошло до огромни средства во буџетот. Па, ниедна држава не се плаши ако буџетот биде зголемен и дека сепак кога би имала средства нашата држава и ако ние оствариме оваа година според предвидениот буџет, кој треба да се зголеми за 9 милијарди денари, па нека се зголеми и повеќе од еден, нека бидат и 20 милијарди, со овие пари оваа Влада ќе може да направи голема интервенција и во воведувањето и во стопанството, зборувам за мојот град Кочани, дека покрај овие мали и средни претпријатија кои се во приватен сектор, кои кубурат, едвај живеат, нашето стопанство во Кочани е пред сам колапс. Затоа, многу е тешко да се направи било какво вработување или било каква интервентна мерка од страна на Владата во однос на вработувањето, бидејќи многумина од родителите или некои случајни минувачи велат, па добро што да правиме кога нашата младина нема каде да работи. Зарем треба во чашка со алкохол да го најдат решението односно утехата. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Крале Спанчевски.

За учество во расправата за збор се јави господинот пратеник Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван претседателе, ова прашање несомнено е прашање околу кое ќе имаме идентични ставови со најголемиот дел од пратениците од Парламентот.

Имено, се работи за измена на еден закон, Законот за угостителство и туристичка дејност, кој што беше донесен во 1995 година и во кој Закон беше предвидено, навистина, работното време на ресторанite, на кафаните да биде до 11,00 часот. Меѓутоа, сите во Македонија знаат дека тој закон целосно не се почитуваше. Имавме состојба во државата во која што, всушност, сите кафулиња каде што се троши алкохол работеа не само до 2,00 до 3,00 па дури и до 4 часот ноќе. Оттаму, сметам дека Владата на Република Македонија, навистина, заслужува признание што се осмели и што презема чекор да се обиде да го примени законот кој што беше донесен во 1995 година и на тој начин го презема ризикот, да го преземе врз себе незадоволството од многу млади на кои што тој модел на контролирање практично и на почитување на законот во Македонија, не им се допаѓаше. Врз основа на реакциите кои што настанаа, врз основа на стриктната примена на законот, денеска имаме пред нас еден предлог за промена и продолжување на работното време за еден час, односно во, исто така, викендите и летните денови за по 2 часа. Сметаме дека е тоа нешто, кое што навистина овозможува, сепак, да се стави каков таков ред во оваа сфера. Меѓутоа, истовремено сметам дека ние како пратеничка група на СДС ќе ги поддржиме сите иницијативи и самите ќе се

вклучиме во нив, навистина во оваа сфера да се донесат и други одредби или во рамките на овој закон, или во рамките на други закони кои што ќе обезбедат поцелосна заштита на младите од злоупотребите со кои што тие се соочуваат во јавниот и ноќниот живот.

Во таа смисла сметам дека сите ние го знаеме искуството на модерните држави, кога зборуваме за западноевропското искуство треба да се потсетиме на тоа дека во една Англија во секој јавен објект од тој вид угостителско- туристички мора нужно да биде истакнат декретот на кралицата во кој пишува дека со нејзината наредба забрането е да се служи алкохол на деца под 18 години и дека всушност прекршувањето на тој нејзин Закон автоматски може да предизвика одземање на дозволата за работа.

Исто така како и во САД каде не е дозволено помлади од 18 години да посетуваат специфичен вид на објекти каде се троши алкохол, ниту е дозволено во продавница да се купи алкохол без лична карта со која се докажува бројот на годините.

Сметам дека РМ навистина од овој аспект треба да ги користи модерните достигања на западноевропското искуство и на тој начин навистина да даде придонес во нешто што претставува сериозна законска заштита и заштита со помош на примената на сите инспекциски институции на младите во Република Македонија. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот Спасов за учество во расправата.

Збор има г-динот пратеник Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, ќе бидам краток, бидејќи имавме можност да слушнеме повеќе дискусии, сакам да бидам конкретен да предложам неколку решенија. Би дал мал вовед. Вредностите се девалвирани. Тоа е точно при сите граѓани во нашава држава. Сигурно во голема мера има придонесено транзицијата, но не треба со тоа да се помириме, туку мора да ги решаваме проблемите, а проблемите се решаваат секогаш со закони.

Со овој Закон нема да им се помогне само на децата. Најмногу ќе им се помогне на родителите, на школите и на сите работни организации. Само да напомнам дека вечерниот одмор е незаменлив поради тоа мора и неминовно е да се користи од причина што биоритамот се нарушува и се одразува на здравјето и работоспособноста не само кај децата, туку и кај родителите затоа што родителите не легнуваат додека не се вратат децата во своите домови.

Да бидам уште поконкретен, сите пороци најчесто се јавуваат во вечерните часови каде царува нередот. Со ограничувањето на времето и до следното спроведување на Законот ќе се воспостави ред. Нема проблем кој не може да се реши. Таков е овој проблем и сметам дека има решение. Би рекол само делумно бидејќи децата се тие, често пати се напомнуваше, кои се без работа и затоа тие одат во ноќните кафулиња Не е точно. Децата имаат најмногу обврски и најмногу им треба слободно време да работат. Не е доволно што ќе се донесе Законот, бидејќи таа е полесната страна, потешко е на младината да им се овозможи алтернатива, односно да се изнајде правото решение. Го предлагам решението:

- Да заживеат диско клубовите без точење на алкохол;
- Спортските клубови да ги отворат вратите и таму да работат воспитно образовани личности- тренери, а не тренери без образование кои заедно со децата седнуваат да пијат во кафулињата;
- Интернет клубовите да се отворат на секој ќош како што ги имаме кафулињата;
- Сите училишта да ги отворат своите сали, а не да ги издаваат за свои лични бизниси.

На крајот би завршил лесно е да се донесе Законот, оваа е многу подолга практика во нашата држава без разлика дали владее СДСМ или ВМРО, но најтешко ќе биде овој Закон да го спроведеме доследно.

Ви благодарам за вниманието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г- динот пратеник Вангел Симев.

Последен пратеник денеска пријавен по оваа точка го имаме г- динот пратеник Александар Пандов.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Г- динот Пандов ќе биде краток. Како млад човек сака да ја поздрави, пред се, акцијата која ја спроведе Владата на Република Македонија како и измените кои ги предлага за Законот за угостителска и туристичка дејност.

Конечно со ова мислам дека ноќниот живот во РМ се става во едни рамки кои се

издржани и кои за младиот човек ќе бидат во потполност прифатливи. Младите луѓе беа доведувани во ситуација да чекаат ниедно време 23,00 часот за да излезат навечер да се забавуваат, а сега сето тоа ќе биде изменето и ќе биде многу поприфатливо и за самите нив како консументи на овој Закон.

Исто така мислам дека и угостителите со кои во најголем дел контактирав, го поздравуваат и мислам и за нив ова ќе биде прифатливо, затоа што рамките во кои ќе работат, а тоа се два-три часа ќе бидат поместени нешто подолу и ќе бидат задоволни и едната и другата страна.

Сепак нешто што овој закон не исполнува, а кое мислам дека е добро, и самиот заменик министер го најави има доловување комплетно на целиот закон се следните работи:

Имено, мислам дека сите тие ноќни угостителски објекти за исхрана локали, кафичи, ноќни клубови, дискотеки, сите тие треба да имаат категоризација, треба да имаат стандардизација и секој еден локал да се знае во која област спаѓа. Сега вака се доведува до мешање на таа работа.

Како последно мислам дека казнените одредби кои треба да се исполнуваат односно ако не се исполнува Законот, мислам дека треба да бидат посилни, односно поригорозни. Сигурно со затвор не може да бидат казнени одредби, но паричните казни треба да бидат многу поголеми ако се точи алкохол, како што беше на многупати спомнувано, ако се надминува времето на работа затоа што полицијата и Управата за јавни приходи се доведени во ситуација да изигруваат чувари на локалите, од друга страна ако се поригорозни тие казни мислам дека кафанџиите тоа ќе го применуваат, ќе го почитуваат тој Закон.

Тие работи треба што поитно Владата да ги донесе. Ја разбирам оваа итност на измените затоа што беа доведени и самите млади луѓе и угостителите во една паника од работа до 2,00 до 3,00 часот навечер сега беа сведени до 11,00 часот, со ова се менува.

Повторно ќе кажам ќе гласам за овие измени и ги поздравувам.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г- динот Александар Пандов.

Во овој момент се инспирираа уште двајца пратеници за дискусија. Се надевам дека тие ќе бидат куси во своите дискусии и ги молам другите пратеници да влезат да пристапиме кон гласање.

Има збор г- динот пратеник Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Јас до пред малку имав дилема дали да се јавам во овој момент за дискусија по овој Закон, имав подготвено едно пратеничко прашање на таа дема, но сепак мислам дека темата е најблиска сега и затоа денеска ќе продискутирам од еден аспект по овој Закон за кој мислам дека не продискутиравме доволно во денешната дискусија,а е значаен за граѓаните и за Законот за угостителство.

Сметам дека самиот Закон тешко ќе ги измени навиките, трендовите и однесувањето на младите каков закон да донесеме, тоа е комплексен проблем и опфаќа разни феномени освен социолошкиот, но тоа го оставам за проучување на луѓето кои се бават со тоа.

Факт е дека правната држава треба да делува во област ана законодавството и што подобро да ја следи оваа област и во таа смисла правната дражва треба да делува и затоа се придружувам кон сите оние кои се заложија, па и на Министерството за стопанство кое даде знаци дека подготвува комплексен закон за угостителството кој би решил многу проблеми од оваа област и би бил многу посеопфатен од она што постои во овој момент како законска регулатива.

Она за што најмногу се јави во овој момент, тоа е еден голем проблем што постои во овој Закон и што мислам дека е недостаток на самиот Закон воопшто на оној стариот и се надевам дека ќе биде исправено во следниот закон, тоа е последно штетната бучава која се јавува и која во сите земни во светот кои држат до своето ниво и до сериозно законодавство, тоа е регулирано со Закон.

Во што е проблемот? Проблемот е за мене, па и за другите и за луѓето на кои им пречи штетната бучава не е битно во колку ќе се затворат тие угостителски објекти, како ќе работат и колку за нив е битно како ќе се заштитат од таа штетна бучава. Тоа е многу поголем проблем и покомплексен и мислам дека РМ треба овој проблем да го разработи во иднина. Тоа е независен проблем од времетраењето на работа на овие угостителски објекти бидејќи и во часовите кога луѓето не одмараат тие треба да бидат заштитени од штетната бучава.

Сведоци сте дека најголем број од угостителските објекти и оние малите се во станбени објекти и како што кажаа луѓето кои се стручни од оваа област скоро во сите градови имаме жалби од граѓаните за таа бучава. Меѓутоа, самата штетна бучава како појава не е регулирана во Законот за угостителство, мислам на постојниот. Затоа првиот дел и она што сакав да го поставам како пратеничко прашање дека Министерството за стопанство во иднина треба да размислува да го регулира овој проблем на штетната бучава во следниот закон што го подготвува. Значи, дупката во стариот Закон за непостоење на регулација и заштита на граѓаните од штетната бучава мора да се регулира, цивилизирано да се регулира во новиот Закон за угостителство.

Постои одлука на претходната Влада за заштита од штетната бучава, таа е донесена нешто подоцна од Законот за угостителство и во таа одлука се дадени некои вредности за кои се смета дека се гранични вредности до кои е дозволена штетната бучава.

Меѓутоа, дадените вредности во таа одлука на Влада мерени во ноќно време се еднакви на комуналната бучава, она што стручните лица би рекле одењето по патот и обичен разговор на луѓето. Тоа се мали вредности и не одговараат на потребата на граѓаните да бидат заштитени од штетната бучава. Тоа се 40 децибели, е граница која се толерира во тој Закон и тоа е многу ниска вредност која треба да се регулира.

Самиот проблем на штетната бучава можеби не би требало да го зборуваме само за Министерството за стопанство бидејќи е комплексен, секако тука се инволвирани и Министерството за внатрешни работи кое треба да учествува во регулацијата и Министерството за здравство, бидејќи самата бучава е предмет на проучување на Министерството мислам на заводите за здравствена заштита при Министерството за здравство.

Апелот ми е дека еден ваков комплексен проблем треба да се решава внатре во тие министерства, меѓутоа уште еден факт кој сакам да го нагласам во овој момент и на кој апелирам да се размислува во иднина при решавањето на проблемот, тоа е следното:

Во РМ факт е дека не постојат доволен број на мерни апарати со кои може да се измери бучавата. Дали тие апарати ќе ги поседува Министерството за внатрешни работи, дали санитарните инспекции меѓутоа граѓаните и ден денеска во сегашната ситуација имаат проблеми со таа бучава и мислам дека ние како Парламент и Владата на РМ треба да се зафати со тој проблем, бидејќи навистина има луѓе кои не можат да одмараат во вечерните часови и да бидат подготвени за работните задачи во наредниот ден. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г- динот пратеник Златко Стојменов.

Тие сугестии веројатно ќе бидат вградени и во идниот Закон и од законодавството што ќе го предложат сродните и блиски министерства.

Збор има последниот дискутант г-динот пратеник Мухамед Тахири.

**МУЈАМЕТ ДАХИРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Предлог - законот за угостителска и туристичка дејност е добар, но ме плаши една работа. Свесни сме дека во последната деценија како живее младината и во која насока е тргната.

Иако од претходните дискутанти имаше забелешки по овој Закон дека временскиот рок е долг, дека не е добар од некои дискутанти имаше забелешки дека овој Закон е добар, јас мислам дека овој Закон е предобар и треба да се усвои, и еднаш на оваа гранка да се стави крај за да можеме да имаме контрола над младината и другите работи. Свесни сме дека многу млади употребуваат алкохол и наркотични средства користејќи ги празнините во Законот, тие неограничени времиња по кафеани и други работи.

За овој Закон треба да се гласа, да не остане по фиоки, но да се спроведе во дело еднаш за секогаш да имаме контрола над младите.

Во име на Пратеничката група на ДПА ќе го поддржиме ово1 Закон и ќе гласаме за него.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г- динот пратеник Мухамед Тахири за учество во расправата.

Со оглед на тоа што немаме повеќе дискутанти, дозволете ми да го заклучам општиот претрес и ги молам сите пратеници да влезат во салата, затоа што ќе се пристапи со амандманско изјаснување и ќе треба да имаме потребно мнозинство.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на Насловот на Предлогот на законот и на член 1 за менување на став 4.

Комисијата за стопанство поднесе амандмани на член 1 став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Александар Пандов поднесе амандман на член 1 став 3, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Алириза Лога, поднесе амандман на член 1 став 4 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Љупчо Анушев, поднесе амандмани на член 1 став 4 и за додавање нов член 1-а по членот 1, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Предлогот на законот, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 2, поднесен од Комисијата за стопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Владата не го прифаќа овој амандман, а имам информација дека ќе го повлечат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г- динот пратеник Коце Трајановски.

**КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:**

Комисијата за стопанство го повлекува амандманот, бидејќи со дополнителни консултации востановивме дека со ова ќе се овозможи на мала врата да се рушат деталните урбанистички планови. Исто така во иднина ова ќе биде вентил за отстапување од деталните урбанистички планови. Повеќето од членовите на Комисијата за стопанство дадоа согласност за повлекување на овој амандман, така што Комисијата за стопанство го повлекува овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Штом предлагачот го повлекува, амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 1, став 3, поднесен од пратеникот Александар Пандов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор господинот Ламбе Арнаудов.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Александар Пандов.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Го повлекувам амандманот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи, амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 1  за менување на ставот 4 поднесен од Законодавно- правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе Има збор господинот Ламбе Арнаудов.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи Владата го прифаќа амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 4 поднесен од пратеникот Алириза Лога.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

Има збор господинот Ламбе Арнаудов.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Збор има господинот пратеник Алириза Лога.

**АЛИРИЗА ЛОГА:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, дами и господа пратеници, сакам само да ги потсетам пратениците на што се однесува овој амандман.

Слушајќи ги сите дискусии и дискутанти во претресот на овој закон, би сакал да објаснам нешто во врска со мојот предложен амандман, затоа што во последниве години, се разбира, имаме една појава што е доста застапена во руралните средини, а тоа е отворање безброј такви ноќни локали или барови, кабареа и диско клубови, каде не постојат дури ни минимални услови, регулирани со урбанистичкиот план за таква дејност, со

што се создава една аверзија, негодување на самите жители на тие населени места.

Јас го предложив амандманот од причина што во ставот 4, се разбира став 1, член 4, после третиот ред се спомнува дека угостителска дејност не може да се врши во деловна просторија што се наоѓа во колективна станбена зграда. Јас со ова подразбирам дека се работи за градски урбани средини, бидејќи таму имаме станбени колективни згради, не се однесува на селско населено место, каде нема такви. Меѓутоа, се случува по таквите рурални средини, во семејна куќа, налепени ѕид до ѕид такви ноќни барови да се отвораат такви ноќни клубови каде што, навистина, соседите, па дури и самите граѓани на тоа населено место, со, за жал во последно време, под маскирана капа дека се работи за танчарки и штоти не, меѓутоа, спротивно на тоа се делува дури и со недозволена трговија на бело робје и проституција, се создава една неприфатлива таква дејност во таквите средини, до училишта, до џамии, до цркви.

Имајќи го предвид ова, јас го предложив амандманот, бидејќи со додавање на овој амандман ништо не се менува. Се мисли на руралните средини. Останатото останува. Освен, значи, ако со деталниот урбанистички план за одредени делови на населени места, не е поинаку определено. Значи, не се менува ништо, само се додава тоа дека во таквите средини тоа треба да се има предвид и да не се дозволува таква дејност.

Затоа ги молам пратениците ова да го сфатат сериозно, бидејќи во последно време тоа го имаме доста во вакви населени селски места. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Алириза Лога кој го дообјасни предлогот на амандманот.

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Билал Љутфии.

**БИЛАЛ ЉУТФИИ:**

Господине претседателе, колеги пратеници, го поддржувам амандманот поднесен од пратеникот Алириза Лога. Имав сознание дека Лога се консултирал со министерот и очекував да биде прифатен од страна на претставникот на Владата, односно министерот. Образложението беше многу јасно, не беше конфузно, туку конкретно. Не знам зошто министерот не го прифаќа. А, особено сега, со објаснувањето на господинот Лога, мислам дека сите ние, пратеници, имаме јасна слика. Значи, се работи за руралните средини и, јас барам од колегите пратеници, во име на Пратеничката група на ДПА да се поддржи овој амандман, бидејќи суштината на законот воопшто не се менува. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Билал Љутфии. Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

19 пратеници гласаа "за" 13 пратеници се воздржани, а 30 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 став 4 поднесен од пратеникот Алириза Лога.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 4 поднесен од пратеникот Љупчо Анушев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор господинот Ламбе Арнаудов.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

6 пратеници гласаа "за", 11 се воздржани, а 34 се против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 став 4 поднесен од пратеникот Љупчо Анушев.

Господа пратеници, ќе Ве молам, прво Ве молам да бидеме колегијални, да се сослушаме и да работиме понатаму. Јас слушам голем џагор. Ако сте заморени, ќе дадам пауза.

Ако е не, премногу разговарате, како да се наоѓате во Пратеничкиот клуб. Овде е сепак Собрание и да се сослушаме.

Второ, ги молам и другите пратеници кои се надвор да влезат, бидејќи гласањето ни е на работ на кворумот. На крајот, можеби јас сега ќе проверам кој е присутен и ќе ја утврдиме дневницата, за да не излезе дека после на крајот ги имаме 90. (Реакција во салата).

Навистина е тоа така. Не може некој да се шета цело време сега надвор, а да

дојде на крајот на седницата за да добие дневница. Навистина и тоа ќе го направиме.

Затоа, ги молам да влезат, да можеме да гласаме.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1-а по членот 1 поднесен од пратеникот Љупчо Анушев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор господинот Ламбе Арнаудов.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

13 пратеници гласаа "за", 11 воздржани, а 41 против.

Констатирам дека Собранието не Го усвои амандманот за додавање нов член 1-а по членот 1, поднесен од пратеникот Љупчо Анушев.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам дали некој бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Нано Ружин.

**НАНО РУЖИН:**

Благодарам претседателе, дами и господа пратеници, имам само едно прашање што би го поставил до повереникот за овој законски акт.

Со оглед на тоа дека сум пратеник од општина Центар каде има голем број кафулиња, луѓето дојдоа кај мене да разговараат за оваа работа. Имено, се работеше за амандман, бидејќи има во член 1 точка 2, 3 изразот "угостителски објекти за исхрана без оглед на видот на објектот".

Сакам да го прашам претставникот на Владата дали под тој израз се подразбираат и кафулиња, или пак се работи за објекти исклучиво наменети за исхрана?

Бидејќи, доколку се работи за објекти исклучиво за исхрана, тогаш јас ќе дадев амандман опфаќајќи ги на тој начин и кафулињата. Меѓутоа, со оглед на претходните консултации што ги имав со повереникот, тој рече дека тука ги опфаќа и кафулињата.

Затоа, сакам сега јавно да ми каже дали се работи за истата работа?

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Нано Ружин.

Ќе го молам заменикот министер господинот Ламбе Арнаудов да се изјасни.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ**:

Се работи за сите видови објекти.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Според тоа, имате и јавна потврда дека се работи и за кафулиња.

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

58 пратеници гласаа "за", 12 се воздржани и тројца против.

Според тоа, констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за угостителска и туристичка дејност.

Минуваме на точката 21 - Предлог одлука за избор на членови на Управниот одбор на Здравствената работна организација Градска општа болница "Моша Пијаде" - Скопје.

Предлогот на одлуката и дописот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата Ви се поделени.

Отворам претрес. Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

63 пратеници гласаа "за", 4 се воздржани и 3 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Здравствената работна организација Градска општа болница "Моша Пијаде"- Скопје.

Минуваме на точката 24 - Информација за програмската ориентација на Македонската радио-телевизија, со посебен осврт за застапеноста на програмите на јазиците на националностите.

Информацијата и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Молам кој бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Мерсел Билали.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, чувствувам дека имам морално право да дискутирам меѓу првите, односно прв, од причина што лично, во неколку наврати сум побарал нешто што е законска обврска на претставниците на МРТ, односно на генералниот директор и неговиот заменик, а таа обврска е поднесување годишен извештај за работењето на МРТ, која, за мене од непознати причини, до сега не поднела, па дури и игнорира.

Исто така, поставувам едно прашање, според мене чудно прашање, а тоа е од каде толкава доза на храброст на генералниот директор и неговиот заменик да го игнорираат овој Парламент. Самиот факт што тој 2-3 дена, а имаше обврска да биде присутен тука, со самиот факт дека требаше да се дискутира за точката, Информацијата што е поднесена од нив, тој не беше присутен. Значи, го игнорира ова Собрание, и пратениците кои го бирале него. И, не само пратениците од опозицијата, туку и пратениците кои гласаа за него, позицијата.

Со ова, јас веќе имам дополнително убедување дека претставниците на МРТ не само што не ги почитуваат основните норми и принципи на новинарството, кодексот на новинарството, туку не го почитуваат и Законот за МРТ и другите закони што се однесуваат на радиодифузната сфера.

Ова што е предложено тука, односно подготвено од страна на претставниците на МРТ се насловува како Информација за програмските ориентации на МРТ, што по мене не е јасно што значи тоа. Тие, ако знаат да читаат, а јас мислам дека знаат барем да читаат, можат да го прочитаат Законот за МРТ кој што многу јасно кажува дека генералниот директор, со претставниците на МРТ поднесуваат годишен извештај за работењето на МРТ. Ова не е годишен извештај. Ова е, едноставно Информација, подготвено од службите по налог за програмската ориентација за МРТ, што нема никаква врска.

Значи, дали после ова, ако расправаме за оваа Информација, а ќе почнеме да расправаме, ние пак треба да расправаме по Извештајот за работата на МРТ? Тој извештај би требало да биде така подготвен, што од него точно да произлегува колку, во колкава мера, во колкава доза се остварува јавниот интерес на ова јавно претпријатие, на оваа јавна организација, кој е основен за да обезбеди јавен интерес во сферата на информирањето. Тоа е законска обврска, не е барање на нешто како лично убедување или намерно, со некоја лоша намера. Законот е јасен и треба да се реализира.

Клучно прашање во Извештајот би било како се остварува јавниот интерес, во сите сегменти? Во сегментот на економијата, политиката, културата, па до сегментот на балансот, односно објективното информирање, односно балансот помеѓу дозата на информации што имаат извори од позицијата и од опозицијата.

Кога реков дека МРТ е јавен сервис, се финансира од страна на граѓаните, се со цел да се обезбеди едно објективно информирање, да се исполнуваат други сегменти во однос на културата, политиката итн. и, кога кажав дека се финансира од граѓаните, тие граѓани не се само од позицијата, тоа се граѓани и од опозицијата или се граѓани кои воопшто не сакаат да слушнат за политичките партии, се многу алергични на политика. Меѓутоа, плаќаат поради сметките за електрична енергија. Плаќаат редовно за да добијат против услуга, а таа против услуга е објективно информирање и другите сегменти што одат заедно со тоа, а тоа се во доменот на културата итн.

Значи, политичките партии што учествуваат во власта, секому е јасно дека тие не плаќаат ништо. Не плаќа ни власта. А дури и да плаќа власта, тоа се пари насобрани од народот, односно граѓаните. Но и тоа не е. Граѓаните плаќаат и бараат против услуга за нивните пари, за парите што ги даваат на оваа јавна организација во сферата на информирањето.

Затоа, не случајно јас имам предложено еден закон, претседателот на Собранието ќе одлучи кога ќе дојде на дневен ред во рамките на деловникот, а тоа е Предлог на закон за изменување и дополнување на Македонската радио-телевизија, каде предвидувам дека генералниот директор и неговиот заменик би требало да го избира ова Собрание, меѓутоа не по предлог на Комисијата за избори и именување, туку по предлог на Советот за радио-дифузија, што е стандард во повеќе демократски држави и која што организација, односно институција има повеќе морална тежина да предложи нешто што ќе биде надвор од политиката или дневната политика.

Така што, моментално состојбата ни е таква каква што е, скоро за никаде, а тоа го покажуваат извештаите на ОБСЕ, Советот на Европа итн. и тие извештаи се многу

неповолни за општите состојби во сферата на информирањето на Република Македонија, а посебно за Македонската радио-телевизија. Наместо претставниците на власта и на политичките партии што учествуваат во власта, да ги пуштат овие средства за јавно информирање, па и МРТ да работат слободно, врз критериумите и принципите на новинарството, овие, слободно можам да кажам дека ги поткраднуваат граѓаните, затоа што граѓаните не плаќаат да добијат невистина или невистини. Граѓаните плаќаат за да добијат, како контра услуга, вистински работи, реални работи, релевантни информации. Потоа, тој со неговата интелигенција ќе ги обработи, ќе констатира, ќе донесе свој суд.

Затоа, според мене, во право се тие кои јавно кажуваат дека МРТ или челниците на МРТ и нивните, односно во соработка со тие кои се во власта, не само што ја скриваат вистината пред граѓаните, туку вршат и информативен терор во сферата на информирањето во јавноста и дека вршат геноцид во сферата на информирањето и јавноста.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:** (Продолжение)

Така што исто тие луѓе имаа право кога кажаа дека МРТ засега е фабрика за лаги и јас тоа го поддржувам. Најмногу ми е жал за новинарите кои се во позиција да го трпат тој терор, да го поднесуваат тој терор, можеби за 200 или 300 марки, не знам колку им е платата и да бидат тероризирани од страна на послушниците на власта, од страна на не интелектуланите структури, неодговорни структури. Инаку одговорните, интелектуалните структури и тие што имаат висока совест, јас не мислам дека толку лесно можат да бидат плен на власта и не мислам дека толку лесно тие можат да бидат послушници. Од нив тешко можете да направите послушници. И затоа таквата состојба постои и на македонски јазик, меѓутоа посебно на албански јазик каде што постои тотална информативна блокада на Македонската радио-телевизија Редакција на албански јазик. Јас искрено ги жалам тие новинари што работат таму. Комплетно оваа куќа можеби не претерувам, но кога го кажувам и ова дека ми наликува на дејноста, односно функционирањето на српската телевизија. Така што понекогаш тие што прифатија да бидат слуги на политичките партии кои се на власт, го прават и нешто најчудното што никогаш не е направено овде, уредништвото да се пресели во канцелариите на некои политички партии. Така што јас имам сигурни информации од новинари кои сакаат поради свои причини да останат анонимни, кажуваат дека од канцелариите на политички партии се јавуваат кои вести треба да се пуштат, кои не треба да се пуштат, колкава минутажа итн. Тоа е катастрофа за сите нас. Мислам дека ова е до крај неодговорно не само заради граѓаните кои реков дека плаќаат и учествуваат со своите средства за да добијат нешто квалитетно, туку и пред нивните народи, етникумите кои живеат во Македонија, затоа што да се затворат медиумите, па и да се поткупуваат медиумите, или да се врши заканување на некои независни медиуми, јас мислам дека до крај е неодговорно и докрај е против интересите на тој народ на кој тие толку многу се повикуваат и се со цел да не се слушне гласот на опозицијата или објективното информирање, или реалната состојба, се со цел да не се дознае како што се вели во народната поговорка дека кралот има рогови. Секој знае зошто се прави ова? Ако не знае, тогаш би требало да се постави прашањето кој има причини да ја скрие вистината пред јавноста. Ако го поставува вака прашањето веројатно ќе најде многу логичен и соодветен одговор. Само тој кој се занимава со прљави работи, кој има некоја врска, или толеранција во однос на структурите кои се занимаваат со корупција, криминал итн., кој што е неискрен во своето однесување, работење итн., тој што очигледно ги лаже граѓаните на Република Македонија, тој што сака луѓето да не ја дознаат вистината, затоа што се плаши од тоа, тој што не може да ги исполни ветувањата кои ги искажал во предизборната кампања, па сега сака, или претендира на тоа, на краткото памтење на граѓаните кои дадоа глас оправдано за промените. Тој што работи чесно, искрено и совесно и праведно на секого му е јасно дека воопшто нема причина да се плаши од вистината, да се плаши од објективното информирање. Навистина нема причина зошто? Оваа состојба која постои моментално, укажувам посебно на албански јазик, јас сум убеден дека е многу опасно дури и за мирот и безбедноста во Република Македонија и ќе кажам зошто. Од причина што додека на македонски јазик без оглед како постапува МРТ, сепак има други електронски медиуми како што е А1, Телма, Канал 5 итн., па и пишани медиуми каде може да се слуша и другата страна на кое граѓаните исто така имаат свои забелешки, може да се слуша и другата страна. Значи за една популација, или во доменот на една популација, македонската популација

поготово оди напред во усовршувањето или унапредувањето на свеста и плуралната култура на граѓаните и тоа е позитивно. А од другата страна кај Албанците херметички се затворени работите, така што не постои ниеден независен медиум, ниеден опозиционен медиум. А зошто е опасно по мирот и безбедноста, ќе кажам сега. Затоа што кога ги затварате медиумите, тогаш омразата спрема невистината, спрема неправдата се акумулира и има шанси да експлодира со многу опасни последици и тоа е докажано научно и практично и како сакате. Тоа е исто како една река кога сакате да направите брана, кога ќе ја запрете тотално реката, веројатно било каква брана да направите, што повеќе време ќе помине, ќе има толкава голема поплава што последиците ќе бидат големи. Тоа исто важи и во сферата на информирањето. Таква состојба имаме ние и таа состојба може да предизвика, а и предизвикува, тоа е од книгата на г. претседател на Собранието, можете да прочитате, предизвикува революционерен дух. А тој революционерен дух се знае како завршува, се руши пред себе.

Сега се на власт структурите кои најмногу своевремено се повикуваа на патриотизам и не знам дали воопшто, јас укажувам, ова што се прави има барем некаква врска со патриотизмот. Јас би бил среќен, дури и 10% оваа работа да има нешто заедничко со патриотизмот, би го поддржал тоа. Не го употребувам зборот предавство, затоа што никогаш и не се служам со такви етикети. Своевремено Абрахам Линколн кажа: да си несовесен во личните работи, тоа е лична трагедија, меѓутоа да си несовесен во општите работи, тоа е општа трагедија. Мислам дека претставниците на МРТ за кои имаат очигледно одговор и претставниците на власта се несовесни во општите работи. А тоа значи дека тоа е општа трагедија на нашето општество.

Зошто укажувам кога кажав дека сега се на власт структурите кои своевремено многу ја експлоатираа синтагмата патриотизам итн., зошто мислам дека тоа е штетно баш за тие во име на тие народи кои се повикаа тие луѓе своевремено, тие партии своевремено од причина што, еве од северниот сосед ние можеме да видиме што направила српската телевизија под влијание на СПС и Милошевиќ. Што направила? Од еден голем народ, направи мал народ, а ние кои сме мали народи можеме да направиме никакви народи.

Предлагам како заклучок за да не должам повеќе, без да навлегуваме во сферата која досега јас ја критикував, да се мешаме во уредувачката политика на МРТ, меѓутоа начелно ние можеме да предлагаме заклучоци кои ќе бидат ориентации во работењето на МРТ тие се.

Прво, оваа институција да обезбедува неделни дебатни емисии, или не знам како се викаат, панел емисии каде ќе учествуваат за важни сегменти актуелни од севкупниот живот на Република Македонија ќе учествуваат претставниците на позиција, опозиција, па и стручни и научни структури.

Второ, за секоја релевантна изјава дадена од страна на позицијата или претставници на Владата задолжително да се обезбедува изјава од релевантни политички партии кои учествуваат во политичкиот живот на Република Македонија.

Трето, наскоро предлагам Владата освен мојот предлог со поголеми анализи да предложи измени и дополнувања во Законот за МРТ. Важно е во информирањето да се слушаат двете страни, а граѓаните даваат суд кој е во право, а мислам дека тие се интелигентни барем до тоа ниво да дадат суд што е добро и што е лошо за нив и никој нема право граѓаните да ги прогласи за незрели, никој нема право граѓаните да ги прогласи за неписмени кои не знаат да вреднуваат што е реално информирање, што е добра информација и никој не може на крајот да ги прогласи граѓаните за неинтелигентни. Напротив, јас мислам дека тие се премногу писмени, премногу интелигентни и премногу зрели. Неинтелигентни и незрели и неодговорни се само послушниците на структурите на власта. На секој кој сака демократски да резонира му е јасно дека гласот на позицијата е национален интерес во смисла на интерес на граѓаните и државата од причина што гласот на опозицијата поттикнува работи кои позицијата или не сака, или не може да ги прави, иницира работи, контролира состојби, расветлува ситуации итн., и тоа е национален интерес и интерес на сите граѓани на Република Македонија.

И на крајот да поставам едно прашање кое се шпекулира во јавноста, веројатно генералниот директор ќе одговори, јас барам од него конкретно да одговори на ова прашање, а тоа е, дали е вистина дека МРТ има купено хотел во Охрид и зошто служи тој хотел кога се знае

што е дејноста, што е јавен интерес на МРТ, ако е вистина тоа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господо пратеници, јас сакам само да ви обрнам едно внимание. Ние денеска не расправаме за извештај за работата на МРТ. Ние денеска разговараме и ќе дискутираме за информација по наше барање со посебен осврт на застапеноста на програмите на јазиците на националностите. Извештај ќе следи редовен, тогаш кога, мислам за два-три месеци кога истекува една година од разгледувањето на минатогодишниот извештај. И затоа ве молам во дискусијата да не го сфатите дека е ова извештај целосен за работата на МРТ, туку се работи за одговор и барање на информација по прашања од неколку наши пратеници. Само толку сакам да ви укажам за да можеме да се движиме во рамките на точката на дневниот ред. А кога ќе дојде извештајот, тогаш ќе можеме комплексно сите проблеми и прашања да ги отвориме и да ги расправаме. Само толку како укажување.

Господинот Звонко Мирчески побара реплика.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, Во однос на излагањето на колегата Биљали би сакал да кажам дека иако беше промашена темата за дискусија, меѓутоа сепак колегата успеа, се обиде да наметне некое темпо со цел во негативна конотација да се изразува во однос на програмската шема и односот во МРТ. Јас посебно би се осврнал на крајот на дискусијата, посебно би се осврнал во оној дел каде што беа спомнувани разни трагедии, лични и општи. Мислам трагично е што и во нашиот Парламент некои пратеници не сфаќаат дека во Македонија сепак, демократијата оди барем со сигурни чекори напред. Така што мислам дека недозволиво е да се прави компарација во однос на состојбата со нашиот северен сосед каде што заради познатите причини видовме и како резултираше таа криза. Најверојатно колегата алудираше на состојбата која што претходеше во Косово пред косовската криза. Јас мислам дека далеку во Македонија демократските процеси се понапред појдени заради тоа што албанскиот субјект партиципира во извршната власт, принципиелно власта е поделена, барем во оние собраниски тела каде што имам можност да учествувам со колеги кои што се претставници на албанската националност, јас мислам дека доста добро се разбираме и мислам дека се застапени и имаат место каде да ги остваруваат своите интереси, за разлика да речеме што беше спомнат примерот во Сојузна Република Југославија.

Исто така, би сакал да додадам и тоа дека сите сме сведоци дека албанската популација во Македонија, во контекст на дискусијата на колегата, а далеку од она што е сега тема на дневен ред дека колегите пратеници и од опозиционата ПДП имаат можност во разни делегации од страна на Собранието на Република Македонија каде што престојуваат да го презентираат Собранието на Република Македонија каде што таму успеваат дури и повеќе од она што се мислам стратешки и национални интереси на Република Македонија по некој си консензус кои што се постигнати како национални стратешки интереси на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави г-динот Абдурахман Алити

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Без оглед дали се согласувам со она што го рече претходниот дискутант, или не се согласувам, мислам дека е беспримерно да се реплицира за дискусија, кога може тезите да се оспоруваат со дискусија, а не да се земе збор за реплика, а потоа да се оспоруваат некои тези, кои што можеби, на дискутантот не му се допаѓаат.

На тоа што пратеникот сака да укаже, тоа е задача на претседателот на Собранието и тој тоа го направи. Мислам дека некои работи треба да ги разграничуваме до крај. Може да остане секој незадоволен, а тоа незадоволство да го искаже на говорница и на редовен начин.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас се согласувам со вас г- дине Алити, дека најдобро е преку дискусија да се изрази личниот став и незадоволство, но јас не можам однапред да оценам, кој како ќе реплицира. Затоа, морам да сослушам до крај.

Впрочем, и во демократијата, не можам точно да ја направам разликата, каде завршува репликата, каде почнува дискусијата итн. и нормално, полека ќе се учиме и на тоа.

Во секој случај, јас сум должен да упатам на точката, односно на темата на дневниот ред, оние што ќе дискутираат, а сакаат малку подалеку да дискутираат.

Во ред, јас ова го прифаќам и како укажување спрема мене.

Г-динот Мерсел Биљали се јавува за реплика.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Јас воопшто не знам на што да му реплицирам, бидејќи не го сфатив што сакаше да каже. И кога не го сфатив што сакаше да каже, тешко можам да му реплицирам. Едвај го разбрав зборот дека тука цути демократијата, во РМ. Тоа е смешна работа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Мислам дека со ова ќе го затвориме меѓусебното реплицирање

За збор се јави г-динот Алија Шахиќ.

**АЛИЈА ШАХИЌ**:

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Законот за радиодифузна дејност е донесен на 27.IV.1997 година, во членовите 45 и 47. Македонската радиот телевизија, радиодифузно претпријатие, што емитува програма на територијата на РМ, покрај емитувањето на програмата на македонски јазик емитува програма на јазици на националностите, односно е должна да обезбеди емитување на програма и емисии на националностите, што живеат на територијата на РМ.

Денеска во Програмата се застапени: Албанската, Турската, Влашката, Ромската и Српската националност. Меѓутоа, во РМ живеат и над 50 илјади Бошњаци, кои немаат ниту една минута простор, ниту на Македонската телевизија, ниту на Македонското радио.

Барам, Бошњачката популација да добие термин за емитување на програма, како на телевизијата, така и на радиото, со што ќе бидат застапени повеќе теми од секојдневниот живот, културата, традицијата на Бошњачката националност, која живее во Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Алија Шахиќ, за конкретното барање, веројатно, програмските органи, во Македонската телевизија, ќе го земат предвид ова бараше.

За збор се јави г-дин пратеник Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Пред нас е Информацијата на Македонската телевизија, како што беше побарано за програмските определби, со посебен осврт со насоки за националностите.

Јас мислам дека информирањето воопшто се носители и креатори на општествената свест и преобразба, особено во земјите во транзиција и нивната улога е чувствителна и со општествено значење за креирањето и афирмирањето на демократските процеси. Развиена е демократската култура и свест со цел за целосно воспоставување на плурална демократија и етаблирање на демократските институции во државата.

Во РМ, сметам дека улогата на медиумите треба да се движи во насока на афирмирањето и поддржувањето на овој концепт , во однос на тие демократски вредности.

Меѓутоа, како земја во транзиција, оптоварен со разни проблеми, секогаш се наметнува прашањето дали и во колкава мера информирањето, односно медиумите, а во овој случај МРТВ, успеа да биде целосно во функција на суштествената и демократска преобразба на општеството.

Не сум сигурен колку МТВ успеа истовремено да ги покажува алтернативните приоди, кон различните појави, создавање претпоставка за борба на идеи, аргументи и сл. и на тој начин, да биде во функција на она што со Устав е гарантирано, на јавен сервис на граѓаните.

Според тоа, извештајот на МТВ анализирајќи го од овој аспект е доста ограничен и конфузен, некомплетен и по мене, во делот на националностите, би рекол во наводници е реален. Реален е поради тоа што, под услови на максимална објективност во него, тој не може да биде поинаков, поради самиот факт, што и самата програма и содржина на емисиите на националностите е стереотипна, ограничена и недоволна, за жал, што секогаш, во зависност од фактичките структури на власт е под нивно влијание, која што не дава можност на соодветен начин да се прокламираат во нивната права смисла, со наведените вредности, т.е., во функција на правилно и објективно информирање и во функција на вистинска демократска преобразба и на тој дел од населението, за кого е тоа наменето.

Точно е дека владините медиуми, секогаш се наклонети кон владината политика. Но, сведувањето на таа логика на пропартиска политика, понекогаш и влијанието на одделни влијателни личности и кругови во самата партија на власт, во најмала рака е спротивно на постењето на

овие институции, како јавен сервис и е лош знак за квалитетот и трекот на демократските процеси, кај нас во целина.

Таквиот начин на постапување, директно го загрозува и самиот професионален однос кон работата на медиумите, истите ги деградира и крајно ги прави немоќни во креирањето на тоа често спомнато демократско миље, односно, неафирмирањето на новите вредности , како што се демократијата, личноста, човековите права, културните вредности, традицијата и сл. што од друга страна, се оневозможува градење на вистински демократски начела во државата и рамноправни граѓани и колективитети.

Гледајќи ја информацијата, може да се заклучи, али општо познато е дека квантумот на програмата на националностите, а посебно програмата на албански јазик, ни приближно не ги исполнува и не ги задоволува потребните квалитети, односно квалитетот на информирањето и презентацијата на културните и другите вредности, а е и под секое ниво во таа смисла.

Во Извештајот се кажува дека целосната програма е со три канали , на албански јазик се емитуваат само три часа дневно, на турски јазик 90 минути , а на другите националности уште помалку.

Сметам дека тоа е недоволно и со тој квантум не можат приближно да се задоволат потребите на националностите, посебно на албанската популација, односно, со тоа не само што целосно не може да се покрие информативниот простор на националностите, а за сеопфатност на културното богатство и нивната презентација, како што се на пр. народниот оркестар и други форми на презентација, не може да стане збор.

Во информацијата, многу добро се напоменува, дека во склоп на МРТВ, има и такви сегменти, што се занимаваат со продукција на музички дела, на културни знаменитости, на хорот, камерен оркестар на роден оркестар, и други активности, што мислам дека во целина, создаваат една можност за адекватно, професионално и компетентно следење, за се она што може да се каже култивација на една култура.

Мислам дека и албанската култура и албанската уметност има потреба од такви институции, затоа што се во навика прераснати таквите односи , каде што квази културата, жолтата литература, квази уметниците, земаат се поголем замав, во севкупниот уметнички миље во Македонија, од албанскиот дел, па затоа мислам дека воспоставувањето на такви сегменти, во склоп на МТВ, на албански јазик , на албанска народна музика, на албански народни инструменти, бил потребен и многу важен елемент за институционално и професионално претставување и култивирање, на изворната и правата култура и уметност на Албанците во Македонија.

Ако велиме дека сме мултикултурна заедница, мислам дека грижата за култивирање и претставување, треба да биде -за сите култури подеднаква.

Истовремено, сметам дека состојбата со радио програмата која што е околу 90 минути, од програмата од 90 часа, која што таа се емитува, само осум часа се емитува на албански јазик, а за другите националности уште помалку.

Исто така, сметам дека технички персонал, во програмата на албански јазик, кој што очигледно, влијае за квалитетот на програмата, во содржината и во ефикасноста на информациите , сите знаеме дека тие немаат технички кадри, бидејќи често сме сведоци дека кога чекаме камери од Македонската програма, иако тоа е заедничка куќа, за да дадеме некое потребно интервју или емисија, ние Албанците, треба да чекаме половина час, дури се ослободат другите камери, а потоа, откога ќе му текне на камерманот да се смилува, што мислам дека во иднина е недопустливо. Има и други примери јас ќе кажам, секоја активност, кога е во прашање албанската програма се става или стара слика или една панорама од некое гратче, а никогаш немаме можност, тие да бидат така технички припремени, во нивната содржина да ја покажуваат целокупната активност, а не со една бледа слика на тие градови .

Како решение, се предлага префрлување во трет канал. Јас ова прво ќе го прикажам како несогласување и ќе се обидам тоа да го илустрирам на еден можеби бизарен начин.

Кога го прашав еден новинар на МТВ за оваа идеја, тој многу добро ми одговори. Па добро, ПДП не симна од првата програма и не стави во втората. Сега, од втората во третата, и бог знае понатаму што ќе се случи, каде ќе не префрли.

Јас мислам дека не треба да се прават такви експерименти, таа програма се гледа на територијата каде повеќе има албанско население и мислам дека треба едно проширување на таа програма во тоа место. Мислам дека тоа би било најдобро

решение и нема потреба да правиме такви непотребни потези.

Не случајно, побаравме денеска да се еволуира програмската ориентација и содржина на МТВ, со посебен осврт за програмата на националностите. Затоа што, медиумите, како важна институција имаат и таква значајна улога и за подобрување на меѓуетничките односи. Преку овој медиум, како важна институција имаат и таква значајна улога во креирањето и за подобрување на меѓуетничките односи. Преку овој медиум се моделира и етаблира демократското мислење и за националностите.

Посебно тука се мисли и на Албанците, без чие демократско моделирање, во контекст на целокупното општествено преобразување, овие процеси не само што ќе бидат нецелосни, туку мислам дека ќе бидат и невозможни.

Според тоа, грижата за поадекватно програмско претставување и на албанската програма, во склоп на МТВ, произлегува во исто време од потребата, Албанците целосно да учествуваат во креирањето на својата свест во државата, со сите атрибути и алтернативи, како одраз на плуралниот амбиент и во самиот техникум.

Затоа мислам дека тенденцијата е статус кво, во оваа многу важна област, при релативизацијата за потребата од проширување на албански јазик е своевидна опструкција на демократските процеси во Р М, која што свесно, или несвесно ќе не води кон ретроградни процеси приближувајќи се кон едноумието, чии што ефекти и последици сите ги чувствуваме, а кои, за жал, често се прифаќаме и ние да ги спроведуваме.

Затоа, сме свесни за овој сегмент од демократското општество и нивната улога во обликувањето и квалитетот на демократијата, во последниот документ на Советот на Европа, му е дадено многу важно место. Така е и во резолуцијата и во препораката, како два пратечки документа, таквото место го превзема токму информирањето и поврзано со него: Како што се транспарентноста и самостојната на Советот за радиодифузија, слободно и непристрасно уредувачка политика на електронските и пишаните медиуми на електронскиот центар, на намалувањето на владиното влијание врз медиумите итн. Ова е само дел од листата на обврските, што Р М ги презела за да ги спроведе и исполни, кој ќе се следат перманентно од страна на Советот на Европа, како што стои во меморандумот, кој што е пратечки документ на бирото на претседателот на Комитетот на мораториум. Нивното неисполнување, нема да биде незапазено и адекватно одговорено, без разлика на тоа дека сега мораториумот е затворен.

Како што се објаснува и во точката два од препораките, кои што посебно обрнуваат внимание на параграфот 13 од Резолуцијата, каде освен медиумите, се и високото школство на Албанците, по потребата на албанскиот јазик и сл. Јас навистина, би сакал почесто да ракоплескаме за нашата земја, но под услов, тоа да го заслужуваме и докажуваме со конкретни резултати и со затвораше на нашите проблеми, а не со неисполнети обврски и празни ветувања.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г- динот пратеник Азис Положани за расправата.

За збор се јави г- динот пратеник Митко Тилевски.

**МИТКО ТИЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Мора да признаеме, дека во контекст, кога се работи за комплетното прашање, за функционирањето на МРТВ, во овие транзициони услови, мора отворено, искрено да се зборува за, според многу мина конструктивното влијание на овој медиум во периодот по доаѓањето на власта на коалицијата за промени. Па во рамките на тоа е и последниот осврт за застапеноста на програмата на јазиците на националностите на МТВ.

Зошто го зборувам ова?

Погледнете ги овие аргументи. Програмата на албански јазик на МТВ, денеска опфаќа, дури три часа дневно. Програмата на турски јазик еден час и триесет минути дневно. Емисијата на ромски јазик се емитува двапати неделно во траење од по 30 минути. Емисијата на српски јазик се емитува два пати неделно во траење од по 30 минути. Емисијата на влашки јазик два пати неделно по 30 минути.

Било кој набљудувач од надвор може да забележи и да добие силен впечаток дека овие податоци кореспондираат со најдемократските движења во скоро сите западноевропски јавни и национални медиуми. Било кој набљудувач може да опсервира дека Македонската радио телевизија не само што ги емитува програмите на националностите туку постојано работи на проширување и продлабочување на нивните содржини. Било

која анализа според европски терк ќе укаже дека МРТВ работи исклучиво според постулатите за демократизација на европскиот медиумски простор.

Ние како пратеници избрани од народот сме должни и одговорно да го прифатиме и подржиме концептот на МРТВ за програмите на националностите. Можете слободно да ги прегледате програмите на националностите кај соседните земји и да дојдете до фрапантен заклучок , МРТВ е далеку најдемократската радио и ТВ дифузна куќа на балканските простори во однос на ова прашање. Дали се уште некому или на некого не му е јасно дека оваа функција на МРТВ е еден од фундаментите за демократизација и европеизација на нашава земја. Истовремено дека во оваа моќна реализирана функција на МРТВ претставува и конкретен доказ за намерите на власта да се продлабочува идејата за развој на меѓунационалните односи во земјата според европски стандарди.

Македонскиот Парламент како основач на МРТВ е должен да ги поддржи процесите кои овозможуваат демократизација во сферата на јавното информирање. Македонскиот Парламент како најважен дом во државата има одговорност дури и пред европската јавност да ги подржи процесите кои се дел од актуелните демократски реформи во Република Македонија, а еден од нив е реформскиот процес во МРТВ. Во тој контекст, треба да се подржи барањето на генералниот директор на МРТВ за целосно аналитичко согледување на вкупните можности и потреби на МРТВ од технички, финансиски, организационен , кадровски и реализаторски аспект.

Почитувани пратеници, со нашата поддршка на овие барања автоматски ќе придонесеме за далекосежно осовременување и подобрување на програмите на националностите во рамките на програмската ориентација на МРТВ. Впрочем, освен одговорноста што ја имаме пред Македонија, таква одговорност имаме и во рамките на европските демократско-реформски процеси, чиј дел сме, сакале или не сакале, сите ние.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г- динот Митко Тилевски за учество во расправата.

За збор се јави г- динот Крале Спанчевски.

**КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, како што можеме да заклучиме досега од неколкуте излагачи, овде станува збор повеќе за претставниците на малцинствата, особено припадниците на албанското малцинство, дека тие едноставно реагираат на тоа дека се малку застапени во програмската шема на МРТВ, односно со потенцирање на тоа дека во самите кадри кои ги подготвуваат овие емисии се многу малку застапени припадници од истото малцинство. Впрочем, овде се бараше информација за работата на радио и телевизијата. Во оваа кратка информација се дадени реални согледувања на Статутот на Македонската телевизија како јавен сервис на законските основи и програмската ориентација на Македонската телевизија, исто така, принципите на европскиот концепт за јавната радио дифузија како обемот, структурата на МРТВ и секако развојната линија на програмската ориентација на Македонската телевизија.

Статусната појдовна основа на Македонската телевизија како јавен сервис се обврзува во вкупната програма, според својот обем, програмската разновидност, жанровската припадност, јазиците на кои се емитува, достапноста на сигналот на радио и ТВ програмата, како своја публика да ја има целата популација на македонскиот народ. Особено внимание Македонската телевизија посветувал ана програмската понуда, која ги задоволува информативните, културните, рекреативните и образовните потреби на жителите на Република Македонија, како и на нашите сонародници кои живеат надвор од Републиката.

Според одредбите, односно начелата и членовите 45 и 47 од Законот за радиодифузната дејност, радио-дифузиите претпријатија се должни покрај емитувањето на програмата на македонски јазик, да емитуваат и програми на јазиците на националностите. Впрочем, тие треба да се однесуваат на обезбедување емисии со програмска содржина особено од информативен карактер, зачувување на културните и историските традиции и за одржување и унапредување на врските со иселениците и другите граѓани на РМ кои живеат во странство. Овие определби мислиме дека Македонската телевизија доследно ги почитува и во целина ги исполнува, со тоа што петте радио канали и трите телевизиски канали, со кои емитуваат 40 часовна програма, рековме осум и пол часа се застапени со албански програми, а 5 часа со турски и по половина час на јазиците на останатите малцинства, на влашки, ромски, српски јазик и т.н. не знам

во проценти како тоа е изразено, јас мислам дека ги задоволува со оваа застапеност.

Има видувања некој спомна дека било намалено присуството на малцинствата на медиумите, со поставувањето само на еден канал се врши некаква рестрикција. Напротив, јас не се согласувам со тоа. Ако ги гледаме европските трендови, преголемо е задолжувањето на МРТВ, во случајов зборуваме за нашата телевизија, таа е должна да ја покрива целата територија на Македонија, но трендовите на западните земји се такви што на локално ниво се решаваат одделни вакви емитувања на националностите. Така, и овој предлог кој е даден, доминантно малцинствата, особено албанското малцинство, да бидат застапени повеќе на третиот канал, што е едно од решенијата и ако ги гледаме нормите на европските земји, би ги задоволило сите овие потреби.

Уште би напомнал дека чисто за информација, да знае и нашата јавност, дека пред се од МРТВ таа е прва каде говорот за прв пат на албански јазик е пренесен со говор и слика од оваа телевизиска куќа на 27 април 1967 година. Значи, оттогаш тие се присутни во етерот и мислам дека би требало да бидат задоволни во тој дел.

Секако, се обврзува и како заклучок можеме да донесеме овде, Македонската телевизија не само декларативно туку и суштински да продолжи со позитивната политика на следење на светските стандарди за нејзините новинарски, технички и други медиумски белези, како и дополнување на спектарот на понудите со нови содржини во согласност со Статутот и според важноста и барањата на информатичките и медиумските пазари, а особено со збогатување и квалитетни содржини на програмата што ќе се емитува на јазиците на националностите кои живеат во Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г- динот Крале Спанчески за учество во расправата.

За збор се јави г- динот пратеник Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитуван претставник на МРТВ, почитувани пратеници, искрено да Ви кажам јас се надевав дека оваа информација ќе побуди поголемо внимание во Собранието, а најмногу што очекував малку покритичен осврт на самите претставници условно да кажам на македонските политички партии во Р М. За жал, наместо тоа слушавме термини од типот "дури три часа", "задоволува" и слично, што со ниеден показател тоа не се потврдува. Ако се погледа само квантитативниот дел, квантитативниот приказ на тоа колку националностите, посебно албанската националност, се застапени во МРТВ. овие податоци ќе укажат на сосема друга работа. Од 40 часа емитување ТВ сигнал на три програми на македонски јазик, само 3 часа е емитување на албански јазик. А господа пратеници, г- дине претседател на Комисијата, ако ти не си пресметал колку е тоа во проценти,Јас ќе Ви кажам дека тоа е 7,8%, што апсолутно не одговара на реалната ситуација.

Истата ситуација е и што се однесува до радио емисиите. Од 90 часа емитување радио емисија на македонски јазик на албански јазик е само 8,5'часа, што е некаде 8, до 9% ако добро сум пресметал.

Г- дине претседател на Комисијата, господа пратеници, само квантитативните показатели се доволен факт што ниедна мерка, макар таа била Ваша сопствена, не укажува на тоа дека ние имаме избалансиран или еднаков пристап кон овие медиуми. Уште повеќе, кога се има предвид дека оваа куќа се финансира од сите граѓани на Република Македонија, без оглед на националната и верската припадност, со нивните пари некој одлучува колку музика ќе им пушти. Тоа го нема никаде во светот. Колку плаќаш толку добиваш.

Не е трагедијата само во квантитативниот дел, господа пратеници. Треба да бидеме свесни и да ни биде јасно што значат денес медиумите во светот. Неслучајно некој ги споредува и вели дека тие се седма сила, можеби дури и прва во ерата на комуникациите и информациите. Ако навистина претендираме кон европски стандарди и начин на живеење, ќе мора тие стандарди и тој начин на живеење да го аплицираме и имплементираме во секој сегмент на живеењето, а посебно во делот на информирањето. Албанците и Македонците воопшто не комуницираат. Ќе морам да Ве потсетам на една изрека на г- динот Кушнер, кој имав прилика да го сретнам во Приштина. На прашањето дали е можен соживот меѓу Албанците и Србите на Косово, тој ќе одговори: Па тие никогаш не живееле заедно, затоа што среќавам Србин кој зборува седум светски јазици, а не го знае албанскиот. Можеби е истото, среќавам Албанец кој знае седум јазици, но не го знае српскиот.

А како ние ќе го научиме, како ќе им дадеме можност да комуницираат

нашите народи овде? Ќе Ви прикажам пластичен пример. Моето шест годишно дете кое учи прво одделение во основно училиште учи пишување на албански јазик, но истовремено пријатно ме изненади кога видов дека тој веќе знае да чита на кирилица на македонски јазик. Како да не знае да чита кога на десет програми по 24 часа се емитуваат различни телевизиски програми пишувани на кирилица. Зошто тоа право, да можат да го учат јазикот на првиот сосед да не им го овозможуваме на Вашите деца, на македончињата? Дајте им шанса тие да го учат. Во Швајцарија, претседателот на Швајцарија ќе каже да, ние имаме демократија, со години опстојуваме, затоа што кај нас нема малцинства, затоа што јас зборувам германски, италијански и француски јазик, а мојот мајчин јазик е некое германско зборување во некој кантон. За разлика од тоа, нашиот г-дин претседател, кој има над 200 илјади гласови на Албанци се фали со тоа дека знае англиски јазик. А како ќе комуницира со неговите гласачи? Дури, Македонската телевизија подготвува програма 50-ет годишнина од Црвениот крст каде и тој е присутен, а се прашувам дали Црвениот крст како организација е само на една нација, бидејќи целата програма додека ја следев јас не најде за сходно политиката што ја води денес Македонската телевизија макар една песна, макар едно прикажување на албански јазик да има. Така ли водиме ние политика? Така ли ние го градиме соживотот? А како ли ќе комуницираме, ќе создадеме навистина плурален амбиент, како ќе ја создадеме толеранцијата. Ако се цитираат и прочитаат препораките од Европската конвенција, никаде, вели забранета е дискриминација, сегрегација и разни , разни форми.

Господа пратеници, медиумите, начинот на комуницирањето на големите и општи маси во народот мора да го воспоставиме. Лесно комуницираме 24 со 100, што ја прави масата, што ја прави општиот народ, но дали на нив им даваме можност да комуницираат и да се запознаваат. Ние многу повеќе ги знаеме другите, наместо да се знаеме себе си. Дури, и политиката која се води и креира во Република Македонија е еднострана. Создавањето и на јавното мислење е во еден правец. Ние комуницираме со телефон каде ни се поделени микрофонот и слушалката. Некој го има микрофонот и зборува, другиот само слушалката, нема можност да го каже она што тој го мисли. Така не се воспоставува ни демократска клима,ниту се гради реална политичка клима. Јас се изненадувам кога општото јавно мислење за политичката состојба во Република Македонија се гради само од една гледна точка. И што имаме? Имаме една апсурдна ситуација кога едни исти луѓе ни издигаат лидери дури и себалкански лидери, од истите тие медиуми тие лидери се оспоруваат за рушење на државата. Каде сме ние, каде е нашата можност ние како Албанци навистина да оцениме што од тоа. Знаете на што ме потсетува тоа? Тоа ме потсетува на едно историско минато, кое сигурно нема да го најдете во ниедна читанка или во ниедна историска книга. Но тоа е една реалност. После Балканските војни, кога султан Решат доаѓа овде да ги види, после албанските немири, доаѓаат и излегуваат среде Скопје и го викаат Големиот Паша, Големиот Падишах. Но тој мудар човек покрај него имаше аѓутант кој му велеше цело време: Не се занесувај, има и поголеми од тебе. Сета оваа слава, сето ова викање нема добри цели. Тоа има една цел, да создаде погрешна слика за твојата моќ и сила, а од другата страна целта е, после Вашето распаѓање, оваа земја да припадне на некој друг.

Денешната ситуација во политичката сцена, без можност да има еден таков аѓутант кој од време на време ќе му кажува, да не се занесуваме, да не заспиваме од големата слава на големиот лидер, затоа што денес ја губиме Телевизијата, ни оди на трет канал, утре универзитетот, задутре нешто друго итн.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:** (Продолжение)

Нема ни вие да добиете многу. Само ќе акумулирате енергија без можност за реален пристап и видување на политичките збивања, и не само политичките и културните и сите други. Тоа никаде не води. Дајте да создадеме простор, можност, сите видувања, културни, политички,економски, под еднаков пристап да им бидат на сите граѓани. Зошто да не може да разбере Македонецот што Албанецот политичар, интелектуалец, културен работник мили. Со ова што ние го нудиме он е сведен на 1% од можноста наспроти 99 од другите. Не е тоа она што не води напред. Да направиме напори, терминологијата од типот доволно, многу, премногу, да ја исфрлиме. Во идната информација се надеваме дека нема да имаме образложение од типот реализација на третата програма има технички, финансиски дури и законски пречки за кои ние ќе размислиме како ќе решаваме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам за учеството во расправата на господинот пратеник Ризван Сулејмани.

Реплика има господинот пратеник Крале Спанчевски.

**КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ:**

Или не сакаме да се разбереме или не сме се добро разбрале.

Тоа е само информација што ја дава МРТВ и реална слика на се она што се случува, колку часа се емитува, што се емитува, а дали ние ќе ја прифатиме оваа информација или не, затоа сме тука сега собрани.

По ова исцрпно образложение од пратеникот Ризван Сулејмани, да кажам дека јас и пред малку спомнав и не случајно дека за прв пат уште 27 април 1967 година почнало да се емитуваат емисии на албански јазик. Сега да ги пресметаме математички, за тоа сум добро поткован и да видиме, односно да пресметаме колку процентуално се застапени тие емисии на албански јазик. Не е тоа проблем. Значи ако не сме задоволни треба да се каже во оваа информација дека не сме задоволни со времето на застапеноста. Второ, колку луѓе се вклучени и компетентни за тоа да ги подготвуваат тие емисии, дали тие ги задоволуваат квалитетите и барањата на народот, односно дали од оваа популација постојат луѓе со соодветна едукација да можат квалитетно да ги подготвуваат овие емисии итн. Да зборуваме на тој начин. Во МРТВ постои техника, но дали постои технологија, дали треба и колку требаат средства за тоа, да нема никакви оправдувања за утре, за било што. Ако има такви луѓе од оваа популација, треба вработување, требаат средства, треба техника, односно треба и технологија. А да се запрашаме што значи да се прошири еден канал и да ја покрива целата територија на Македонија. Нека направат финансиска конструкција да се види тоа, а тоа е проширување на нешто што одамна е заборавена но во техниките и аналогната технологија што ја користи МРТВ. Каде ни е нашата тенденција да се доближиме барем малку до Европа, каде е дигитализацијата, колку чини еден таков зафат за модернизација, кога веќе зборуваме, а знаеме дека само пред неколку месеци, по извештајот за работата на МРТВ сите овде дискутиравме и се правеа напори да се помогне на овој наш јавен сервис по однос на финансиската можност, односно ситуација во која се наоѓа. Тоа се тие можности. Дајте по овие прашања нека се седне да се разговара, да се види колкав процент е потребен, дали има такви стручни луѓе кои можат тоа да го решат и што значи ова зафаќање во однос на предвидените средства кои треба да бидат издвоени од буџетот, кои, исто така вчера кажав некои беа големи душебрижници дека ќе се соберат многу повеќе пари во буџетот отколку што треба. Никогаш не се доволно парите, пари требаат, а со овие работи што вчера зборувавме за делот од Законот за концесии

ќе бидат добредојдени и се тоа што ќе биде вишок ќе може да му се помогне и на школството во оваа држава и на здравството, а ќе може да му се помогне секако и на МРТВ.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор потпретседателот Илјаз Халими.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дами и господа,

Во врска со оваа информација сакам да кажам неколку збора. Посебно би се задржал во делот каде се зборува за програмата на МРТВ на јазиците на националностите.

Однапред мораме да се согласиме со фактот дека програмата, посебно на албански јазик, било во телевизијата, било во радиото е незадоволувачка и е во една тешка положба. Ова се однесува за времетраењето на програмата, содржината, квалитетот и други пропусти кои влијаат директно во задоцнувањето на информирањето. Со три часа програма МТВ и 8 часа и 30 минути во радиото, во еден ден, ни приближно не се задоволуваат потребите на албанската популација во Република Македонија. Ова поинаку и не може да биде ако го имаме предвид фактот што програмата на националностите каде припаѓа и редакцијата на албански јазик е директно под контрола на документарниот и информативниот сектор без никакви права за самостојно одлучување, па и кога се во прашање трошоците, да се изразам вака симболично, за две кока коли или за два чаја.

Слична е состојбата и во Македонското радио, програма на албански јазик. Оваа програма се слуша само во некои делови од територијата на Р М, бидејќи се емитува во несоодветен канал. Колку мене ми е познато нема ниту законска основа за ова емитување на програмата.

Почитувани колеги ова е една затекната положба од пред една година кога оваа коалициона тројка дојде на власт. Имам сознание дека во ова време се направени доста обиди за да се подобри ситуацијата во програмата на МРТВ на јазиците на националностите. Веќе се работи на отворање на третиот канал за националностите, што е за поздравување, што, се надевам, ќе ја ублажи оваа состојба на програмата на албански јазик.

Слушнав дека се направени подготовки за внатрешно реорганизирање на овие медиумски куќи во кои, сигурен сум, ќе најде соодветно место програмата на МРТВ на албански јазик.

Имајќи ја предвид оваа фактичка состојба, верувам дека соодветните органи на МРТВ во новото реорганизирање програмата на албански јазик ќе ја сместат во еден повисок ранг која ќе се поврзува директно со телевизијата, односно со директорот на телевизијата, на ист начин како што се и некои други сектори или програми.

Што се однесува до Македонското радио и програма на албански јазик, би требало да се најде начин за да се смести во вториот канал каде што и беше пред 1988-1989 година. Значи неопходно е еден подобар статус што ќе овозможи самостојно одлучување за прашања кои се неопходни за спецификите на програмата на албански јазик.

Сето ова го кажувам во вид на сугестија, бидејќи беше тука и директорот или со добра намера, со што би се поправила една неправда која подолго време постои во однос на оваа програма.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот потпретседател за учество во расправата.

Има збор пратеникот Алириза Лога.

(Со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието Илјаз Халими).

**АЛИРИЗА ЛОГА:**

Почитуван потпретседателе, почитуван директор, кој сега не го гледам тука, дами и господа пратеници,

Разгледувајќи ја со внимание информацијата за програмската ориентација на МРТВ, со посебен осврт на застапеноста на програмите на јазиците на националностите, генерално земено дојдов до еден заклучок дека МРТВ ги исполнува обврските кои произлегуваат од законските одредби како што е Законот за радиодифузија и Законот за основање на јавното претпријатие МРТВ.

Уште повеќе ме радува фактот што во последно време се превземаат иницијативи за прошируваше на програмата на Македонската телевизија на јазиците на националностите, а во тој склоп и на албански јазик, со отстапување на каналот 3.

По мое убедување МРТВ како куќа на јавен сервис што преку својата програма треба да и нуди на популацијата разновидна програма од информативен, културен и образовен карактер.

Што се однесува до програмата на албански јазик, по мое мислење не ги задоволува потребите не само по квантитет, туку, се разбира, со сегашната програма што се изведува три часа, уште повеќе и по својот квалитет.

Тоа што го реков пред малку дека со програмата на МРТВ, посебно со програмата на албански јазик, од 3 часа, што го истакнаа и претходно колегите дискутанти, секако е за поздравување тоа што уште далечната 19 67 година, првпат е емитуван сигнал на албански јазик со пет минути, и така таа до денес порасна на три часа дневно во споредба од вкупните 40 часа емитувана програма на МРТВ. Јас тоа го гледам од еден друг аспект, барем во последно време, со новото раководство, со доаѓањето на оваа коалиција за промени, барем по однос на квалитетот, по однос на цензурата што досега владееше, може да се направи една компарација. Замислете денешните радио-телевизиски куќи, како што е тоа "Ситeл" или "А1" споредувајќи ги тие информативни програми и од другите жанрови, кои дури сее антиалбанство и омраза. Со тоа барем, за среќа, во овие емисии на албански јазик и на другите националности, барем тоа не се среќава во последно време, што е за секакво поздравување.

Што се однесува до тоа што реков дека не ги задоволува потребите на оваа популација која што на ниво на Република опфаќа скоро 1/3, ако се спореди процентуално колку се тие опфатени, па да кажам од вкупни 40 часа дневна програма на МРТВ во каналите 1,2 и 3, само три часа се на албански јазик, што по мое мислење не ги задоволува потребите. Од друга страна самите заклучоци што произлегуваат од Прашката резолуција, што се однесува на иднината на јавната радио-дифузија потпишана на ниво на министерство, а тоа е дека сите земји членки на оваа асоцијација

им се наложува да развиваат моќен систем на радио-дифузија, било тоа од информативен, образовен, културен, забавен, за сите членови на јавноста и тоа да биде фактор на социјална кохезија и да одбиваат било каква културна половна, религиозна и расна дискриминација. Понатаму да емитува разни филозофски идеи со цел да ги зацврсти разбирањата и подобрувањето на односите во повеќеетничките и повеќекултурните општества.

Ова ми дава за право да укажам дека иако во овие 33 години од првата емитирана програма на албански јазик во МТВ, сепак, иако се постигнати некои резултати не ги задоволуваат очекуваните резултати,со оглед на тоа што во таа тричасовна програма што се емитува на албански јазик не се опфатени сите жанрови за кои оваа популација има потреба. Би го спомнал поготово она од образовниот карактер каде што секоја година, како првоодделенци се запишуваа дури 12.000 ученици, а да не зборувам колку голем бројот е на тие ученици што се интересираа да слушаат повеќе програма од овој жанр, од образованието.

Друго што сакам да кажам?

Сегашната состојба на оваа редакција, да кажам, бидејќи уште не е на ниво на програмски дел на албански јазик, ако се гледа сегашната состојба, било тоа од кадровски аспект, од квалитативна програма, од материјална гледна точка, навистина тоа е една неподнослива ситуација, а не значи дека тоа не е дури и целосно како МРТВ куќа и тоа со некои аргументи на кои ја сакам :да укажам овде.

Општа констатација е дека во МТВ, програма на албански јазик ни приближно не се задоволуваат потребите на популацијата на која и се посветува оваа програма. МТВ во трите програми, значи од 40 часа вкупно на сите програми емитува само три часа.

Второ, статусот на МТВ на албански јазик е оној што бил уште во 1967 година кога се емитуваа само пет минути и сега кога се емитува три часа. Се разбира дека во организациониот дел на сите структури на тие кадри што се вработени во оваа емисија на албански јазик, кои што се запоставени, се ставени дури во петти-шести ред, во редакциите на спортска програма, музичка програма.

Понатаму, од вкупно 1700 вработени, немојте да ме фаќате за збор, можеби не сум дециден, само 37 Албанци се вработени, што приближно во проценти е некаде 4,5% и тоа примени на работа на сите нивоа, а од нив поголем број дури уште со црвените книшки, со просечна старост од 53 години, замислете, со многу мал број, во последно време 5-6 вакви луѓе се примени. Материјалните услови катастрофални, што јас лично сум имал прилика да ги гледам. Немаат посебни канали. Па господа пратеници сведоци сме, ниедна камера во рацете на еден од програмата на албански јазик не можам да најдам, да ми се обрати. Мора да чека на ред, да позајмува камера од другите редакции. Стари машини за пишување, дури канцеларии од партизански тип, амортизиран инвентар, нема каде да се седи,а единствен телефон кој само индиректно може да се поврзува. Уредниците Албанци без компетенции, новинарите или ретко или никогаш неможат да патуваат во странство. Сепак, овие состојби не се последица од сегашното раководство, тие се наследени. Затоа сум убеден дека со новото раководство ќе се смогнат сили оваа состојба во целина да се подобри, а посебно и во програмата на албански јазик и на другите, се разбира националности, и по квалитет и по квантитет, за што не сомневам, уште повеќе со потпишаниот коалиционен договор помеѓу владејачките партии, третиот канал да се намени за националностите, и на Албанците и на другите да им се отстапи поголемо време на програма. Верувам дека и тоа ќе се реализира, со што ќе се добие една сеопфатна, различна програма од сите жанрови.

Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на господинот пратеник Алириза Лога. За збор се јави господинот пратеник Билал Љутфиу.

**БИЛАЛ ЉУТФИУ**:

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Информацијата за програмската ориентација на МРТ со посебен осврт за застапеноста на програмите на јазиците на националностите според мое мислење е некомплетно. Во неа многу малку станува збор за програмите на националностите, посебно за програмите на албански јазик во радио и телевизијата. ТВ програмата се споменува со рамките на третиот канал, додека радио програмата на албански јазик само со една реченица, и тоа дека трае 8 часа и 30 минути.

Мислам дека МРТВ треба да се ангажира програмите на албански јазик во

двата медиуми да добијат соодветен третман.

Сегашната положба и застапеноста на програмите е на незадоволително ниво и не ги задоволува потребите на слушателите односно на гледачите на МРТВ.

Посебно е загрижувачка положбата на радио програмата на албански јазик. За ваша информација, бидејќи ова што ќе го кажам не стои во Информацијата, програмата се емитува во радио-предавателна мрежа која дури не е регулирана ниту со закон, значи законски не постои, а да не зборувам за квалитетот на чујноста. Оваа програма има слаба чујност дури и во Скопје, во поголемиот дел од Републиката оваа програма не се слуша воопшто. Програмата на албански јазик на Македонското радио немаат можност да ја слушаат слушателите во Кичево, Дебар, Охрид, Преспанскиот регион Битола, Крушево, Прилеп, Велес, Куманово, а таму каде се мисли дека програмата се пренесува чујноста не е квалитетна.

За да ги задоволува потребите на слушателите МРТ како јавен сервис треба да се ангажира програмата да има авансиран статус и да трае 24 часа дневно на посебен канал, а во согласност со времетраењето кадровски да се комплетира. Да добие статус кој ќе овозможува самостојно да одлучува за прашања кои е неопходни за спецификностите на програмата на албански јазик.

Програмата да се емитува во посебна радио предавателна мрежа која ќе обезбеди квалитетна чујност во Републиката, а и надвор од нејзините граници. Така да, да се обезбеди современа техника која се применува во современите електронски медиуми кај нас, а зошто не и пошироко.

Овој правец треба да се има во предвид, како и процентот на претплатници Албанци во Република Македонија, кој е значаен фактор за одржување на програмата во целина.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Билал Љутфиу за учество расправата.

Почитувани пратеници, ве молам останатиот кои се пријавен и да бидат покуси во своите излагања, затоа што на барање на пратеничката група на СДСМ, поради нивни партиски обврски седницата ќе ја прекинеме нешто пред 16,00 часот. Според тоа молам имајте колегијален однос еден спрема друг и да бидеме покуси во своите расправи.

За збор се пријави господинот пратеник Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници,

Денешната расправа по оваа Информација е дел што Собранието на РМ уште од минатата година, 22 јули усвои работен заклучок со кој МРТВ се задолжува да подготви и на Собранието да му достави информација за програмската ориентација на ММ1 со посебен осврт на застапеноста на програмите на јазиците на националностите.

Оваа Информација што е пред нас, која ја имаат сите пратеници, не само што е некомплетна, нецелосна, несодржајна и како таква мое мислење е и да не се прифати, затоа што со законските одредби, со кои е задолжена тоа да го направи далеку е од она што е реално и што е вистина.

Нејзината програмска ориентација произлегува од статусот што таа го има како јавен сервис, а да е јавен сервис допрва граѓаните треба да бидат убедени. И таа информативна куќа, за жал државна куќа, се претвори на информации од владејачките кругови од 3-те партнери на самата Влада. Таа како куќа треба да и служи на јавноста за обезбедување разбирливи, непристрасни и корисни информации и содржини што во практика далеку да е тоа реално. Исто така, активно да придонесува во слободното формирање на јавното мислење и на тој начин да биде фактор на демократскиот процес. Јавното мислење во оваа јавна информативна куќа, од јавноста колку што следиме, таа е сервис само на владината коалиција.

Основите на програмската ориентација на МРТ се наоѓаат во законската регулатива за радиодифузна дејност, конкретно за МРТ како и во европските документи за програмата на јавните сервиси.

Имено, согласно членовите 45 и 47 од Законот за радиодифузната дејност, јавното радиодифузно претпријатие што емитува програма на територијата на Република Македонија покрај емитувањето програма на македонски јазик, емитува програми и на јазиците на националностите, односно е должно да обезбеди создавање и емитување на посебни програми за информирање, зачувување на културните и историските традиции и за одржување и унапредување на врските со иселениците и другите граѓани од Република Македонија, кои

живеат во соседните земји, Европа и пошироко.

Ова што е напишано и она што е обврска на РТВ на Р М, македонската власт односно МРТ не е воопшто вистина дека во практика таа повеќе пати досега покажала дека таа не е сервис на народот, не е објективна, но и докажа дека функционира исклучиво врз преседани што се емитуваат во државната информативна куќа. Со таквите преседани афери, монтирани процеси ја кастрира сопствената политичка логика, ама така се потхранува нашата власт, а аферите и инцидентите ја придвижуваат како предмет и перпетуум-мобиле денешната Влада. Една афера ја покрива претходната и така до неповрат со цел вниманието на јавноста да се повлече дека ваа Влада многу, бааги, работи, а со тоа да ги покрие воедно и своите прљави работи со својата недозволена трговија.

Понудената информација не ги содржи основните компоненти дадени во истата, односно не кореспондира со тоа што е во неа напишано, поради тоа што хартијата трпи многу. Фактот што програмската ориентација на МРТ паѓа од правниот и општествениот статус на куќата како јавен сервис, би требало преку својата програмска понуда во целост да ги задоволува информативните, културните, рекреативните и образовните потреби на жителите на Р М, како и на нашите сонародници кои живеат во странство.

Програмската ориентација на МРТ не соодветствува со утврдените цели зацртани во Резолуцијата број 1 *Иднината на јавната радиодифузија" документ во кој се изразува европската визија на јавната радиодифузија, како и поддржување на демократските вредности на општеството, посебно во поглед на човековите права, културата и политичкиот плурализам.

Програмата на јазиците на националностите не се застапува во доволна мера во однос на застапеноста на МРТ на македонски јазик, а членството на претплатници скоро да сме едни и еднакви и по број и по претплатници. Преку програмите на јазиците на националностите и на Македонското радио и на Македонската телевизија, националностите во РМ во делот на медиумите не ги задоволуваат потребите од информативни, културни, образовни и рекреативни содржини, односно обемот и видот на програмата што ја емитува МРТ не соодветствува во пропишаните законски обврски.

Ние одамна имаме побарано третиот канал, како што стои во Информацијата дека власта покажува задоволство и спремност дека третиот канал во иднина ќе биде во интерес на програмите на националностите, но досега власта и МРТ не покажаа позитивна заложба за тоа, да се реализира и третиот канал да се отстапи за вакви програми и емисии. Се поставува прашањето - зошто ? Затоа што МРТ непрекинато емитува на трите канали 90 часови програма од кои на албански јазик само 8 часа и 30 минути, на турски јазик емитува само 5 часа, на ромски јазик 30 минути, влашки јазик 30 минути и како да таа заправо биде спремна третиот канал да биде на јазиците на народностите кога таа во сопственост ги има 24 часа трите канали и тоа со програма од 76 часа. Сите други националностите од оваа минутажа и часови имаат само 14 часови, додека на македонски јазик во трите канали на радио, македонски јазик користи 76 часови.

Македонската телевизија на македонски јазик кој подготвува и програма дневно на сите канали 42 часа, додека од Македонската радио телевизија се користат само 3 часа дневно. Редакцијата на турски јазик користи само 1 час и 30 минути; емисијата на ромски јазик користи во траење дневно само 30 минути; емисија на влашки јазик во траење од 30 минути дневно и емисија на српски јазик исто толку користи дневно, само 30 минути. Зошто да е толкава разликата?

На тоа прашање Владата допрва треба да ни одговори и да не увери. меѓутоа, таа е уверена и не сака секако да не уверува во нешто сосема друго, да ја прикрие својата валкана политика и своите структури кои се влезени веќе во пиратство.

МРТ наместо да е јавен сервис на граѓаните во сите домени, а посебно со објективното информирање, таа се претвори во сопственост на политичките партии кои ја сочинуваат Владата на Р М.

Уверена, мислам за Владата, за вработените во РТВ на Македонија и бездруго дека моменталната позиција не ја ограничува во ништо Владата и Владата на Р М, на нас не дека не ни е непозната, стекнала некритично сознание дека може да располага со државата и државните медиуми како да е тоа нејзина сопственост, не баре сите оние сервилни поданици, поданици кои ја донеле како наследство од своите татковци, имотот, некои од Делчево, некој од Лазарополе, некој од Тетово, некој од Кривеник и од другите живописни селски предели низ земјава и во тој манир за жал не отстапувајќи при тоа од тоталистичкиот наум за уредување на исто таква држава,

властодршците слободно да располагаат со буџетските (народни) средства суспендирајќи го законот галантно ги даруваат своите послушници односно поданици на трансмитерите на нивната вистина и лага, сеедно, но овие се класични пропагандистички емисии кои имаат задача да ја манипулираат јавноста за сметка на своите стопани од власта. Ова го прават измеќарите на сметка на своите газди за купување на послушноста и сервилноста, од една страна, и обид да се уништат вистинските и објективните гласила во државата и објективното изнесување по некои прилики и на оваа говорница.

Ова го прави владината булумента денес вршејќи притисок врз слободата на искажаниот збор, постапувајќи дури силеџиски бришејќи ја програмската ориентација на МРТ за застапеноста на програмите на јазиците на националностите за свои тесни партиски цели и некои други ТВ и радио станици корисници на народни пари, буџетски средства што треба да компензираат дел од високата цена на минутажа.

Власта со ваков потег, а можеби ќе им биде последен потег, очигледно, ја подготвува кладата на која ќе горат информативните вештерки препознаени во елементите на МРТ што на владините инквизитори им ја покриваат ѓаволската стварност, што, едноставно, во пепел мора да се престори слободата на медиумите односно МРТ да го стави во македонски среден информативен век.

Но, наспроти очекувањата на владината олигархија, преку оваа говорница нема да лелекаат и да цимолат ние и другите, за да ја добијат милоста на Гебелсовите учесници, зошто честа, достоинството и слободната мисла овде имаат повисока цена од предците што власта ја сугерира на заребемиумот.

Незнам зошто и како не дошол, а бевме присутни само тројца, што значи дека воопшто не се работеше за волја на новинарот да скрати нечие демократско право, да даде сопствена изјава,меѓутоа, малку за мене е позагадочно зошто на пример, претходниот дискутант не се заинтересира и заинтригира повторно во демократски дух, зошто за некои други известувачи, вклучително и новинари од повеќе други телевизиски куќи па и електронски медиуми е поинтересно кој како патува, како патува, дали патува придружбата на нашите делегации се одвива во приватна или сопствена режија, па дали за гледачите односно за целокупната македонска јавност, навистина ги интересира кој е во моја придружба, се извинувам што ќе го искористам господинот Никола Поповски ако води сопствена придружба, за шефот на делегацијата, што апсолутно е не само некоректно туку и воопшто неважно, а за што се обрнува достаточно внимание по сите други медиуми, освен Македонската телевизија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Сејфедин Харуни.

За збор се јави госпоѓицата пратеник Радмила Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Благодарам претседателе.

Колеги пратеници, во оваа дискусија, која што често пати ја водиме било по некоја информација на МРТВ, било по некои други теми кои ја нотираат и сферата на информирањето, ако кажеме дека едно општество не може да биде прогласено за демократско или да опстане, како демократско без објективно, отворено, независно, професионално новинарство и медиуми, тогаш ќе кажеме само политичка флоскула која што ја имаме сите во нашите партиски програми, кои што можеби од пречеста употреба на некој начин ја губи својата суштина. Можеби и најмногу поради фактот што веднаш оние што доаѓаат на власт сакаат што побрзо да ја заборават.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:** (Продолжение).

Меѓутоа, честопати кога дискутираме за медиумите наум ми паѓа една споредба што е помалку карикирана и која што добро говори за влијанието кое што го имаат медиумите и новинарството во една држава, посебно држава како што е Македонија, а која што споредба произлегува, најверојатно од онаа позната теза дека медиумите во секоја држава претставуваат кучиња чувари и на демократијата, на човековите права, на јавното информирање и на јавниот интерес и дека како такви го имаат тоа важно и значајно место во таквото општество и во таквиот систем. Таа споредба вели дека едни периодични избори, без разлика од кој тип, без разлика дали се случуваат на три,четири,пет или колку години дури и под услов да се фер и демократски, фер и регуларни, без постојана слобода и независност на медиумите би значеле и би наликувале на една фарма во која што во тек на тој четиригодишен период во кој не се одвиваат никакви избори, сите кучиња чувари се заклучени, а целото стадо овци е доверено на чување на волците.

Нормално, резултатот по таквите четири години, ќе биде познат. Нема да имаме потреба од кучиња чувари, заради тоа што нема да постои ни стадо. Точно е дека и овој пример и многу други примери кажуваат дека демократското општество и демократските објективни и професионални медиуми се поврзани. Ниту можеме да замислиме демократско општество во кое што нема да фигурираат и да егзистираат вакви медиуми, ниту пак тие таквите медиуми се можни во едно недемократско општество.

Принципот на двојна демократизација овдека апсолутно функционира Потребна ни е и демократизација на медиумите, потребно ни е и демократизирање од страна на медиумите. Токму поради тоа секоја дискусија која што се осврнува на оваа тема, особено дискусија поврзана со областа на јавното информирање е секогаш важна и покрај, морам да признам личната, а мислам дека и генералната опозициона замореност да повторуваме таму некои работи, кои што очигледно надлежните ниту сакаат да ги чујат, ниту сакаат да ги менуваат, сепак, сметам дека во ситуација кога имаме информација од јавниот сервис во оваа држава мораме да ги повториме дел од овие работи, со надеж дека можеби дел од парламентарното мнозинство или дел од овие раководни структури во Македонската радио телевизија, можеби и ќе смени нешто во своето однесување.

Читајќи ја оваа информација подготвена од страна на Македонската радио и телевизија, моето лично мислење е дека се работи за добра информација во смисла дава јасен и недвосмислен приказ на состојбите и случувањата во оваа радиодифузна куќа. Што сакам да кажам? Не случајно е дека во оваа Информација од две страници е образложена европската концепција за јавна радио дифузија со конкретни забелешки, со конкретни барања кои што се поставуваат до јавната радио дифузија, со конкретни заложби кои што ги диктираат овие европски стандарди. Меѓутоа, останатиот дел од текстот, главно се занимава со некои технички детали за МРТВ и освен една општа реченица, која понатаму ќе ја коментирам, и некои други проблематични реченици, не зборува ниту малку повеќе за тоа дали европската концепција и како европската концепција можеме да ја примениме или да ја видиме како реализирана во рамките на концепцијата на Македонската радио и телевизија. Еве да погледнеме што се обврските на еден јавен сервис и да прочитаме дел од работите кои што се преземени во овој текст од страна на Резолуцијата која што е посветена на политиката на мас медиумите и која што има наслов Иднина на јавната радио дифузија. Цитирани се многу делови од оваа резолуција, кои што велат дека "се потцртува функцијата на јавниот сервис како фактор на плуралистичка комуникација достапна до секого". Се вели дека треба да се регулираат нормативно односите, улогата и одговорноста на јавниот сервис и да се обезбеди независност од економски и политички влијанија. Да се гарантираат безбедни и соодветни средства за остварување на нивната функција итн.

Еден друг текст кој што е текст на Европскиот институт за медиумите, институција која и овдека во Македонија имаше улога во тек на некои изминати избори, во својот текст е уште подециден, па тој вели дека "ако финансирањето на медиумот печатен или радиодифузен е обезбеден од јавни извори, како што е случајот со Македонската радио и телевизија, истовремено постои обврска за таквиот медиум да ги претставува гледиштата на јавноста во нејзината целост". Значи, тука се надоврзуваат и опфаќање на плуралноста и опфаќање на различните политички ставови и независноста од економски и политички влијанија, кои што се цитирани и во овој текст. Меѓутоа, дали е ова стварноста која што е иманентна и која што ја практикува Македонската радио и телевизија, мислам дури граѓаните се заморени од безброј примери кои што го покажуваат токму спротивното. Имено, веќе и ние се заморивме да тврдиме, да кажуваме дека информативната програма на МРТВ е ослободена од речиси на секаков вид на плуралност. Дека дневниците односно информативните програми на МРТВ се претворени во обично дефиле на членови на Влада, на членови на парламентарно мнозинство, на членови на структури кои што ги избира таа иста Влада и тоа мнозинство, дефиле кое што можеби е оправдано од аспект на тоа дека тие се носители на одредени вести и информации во оваа држава. Меѓутоа, кој што во ниеден момент не е дополнето со различно мислење, било да доаѓа од страна на опозицијата, било тоа да доаѓа од страна на некои други личности кои што имаат влијание или познавање во дадената сфера. Точно е дека опозиционите партии, опозиционото мислење целосно се отсутни од страна на оваа информативна програма,

особено главните вести,кои што знаеме дека претставуваат, барем важен репер во оваа држава.

Да не зборуваме за забраните или симнувањето од програма на неколку најавени интервјуа со членови на парламентарната или вон парламентарната, сеедно, опозиција, да не зборуваме за извештаи кои што ги слушаме по седниците дури и на Собранието, а кои што можат да се поведат исклучиво или да се разберат исклучиво ако би биле дел од некои партиски билтени. Се сеќавам на еден случај пред неколку месеци кога после водење на дебата, повеќе не се сеќавам која точка на дневниот ред во ова Собрание, во паузата која што ни беше дадена имав прилика да следам извештај во дневникот, претпоставувам во 15,00 часот на Македонската телевизија во која што вака беше отприлика смирена расправата. Опозицијата ја напаѓаше Владата или велеше дека таа тоа и тоа не го направила, меѓутоа, Владата односно владините претставници покажаа, докажаа дека тоа не е така. Независност, објективност, непристрасност, зборови кои што го загубиле своето значење.

Според истиот овој текст кој што ни е поделен битни за јавната радио дифузија се и следниве утврдени цели со овој документ. Па вели дела: "преку своите програми јавната радио дифузија треба меѓу другото да биде фактор на социјална кохезија и интеграција". Примери дека ова не се почитува и дека ова воопшто не е целта на Македонската радио и телевизија се без број. Јас ќе потсетам само на еден, на оној скандалозен извештај, коментар, незнам како да го наречам на еден од дневниците на Македонската телевизија кој што ја коментираше одлуката на Врховниот суд на Република Македонија, кој што беше сатанизиран и обвинет од страна на некој неименуван новинар или некој неименуван уредник дека е национално шовинистички расположен итн. Како да бараме независност или како да очекуваме било каква независност од страна на ваков медиум, како да очекуваме ваквиот јавен сервис, кој што го плаќаат сите граѓани да претставува фактор на социјална кохезија и интеграција.

Еден од најновите примери кои што морам да ги споменам овдека, бидејќи ја допира и работата на Собранието на Република Македонија беше примерот на кој што случајно вака налетав кога беше пренесуван извештајот од работата на нашата делегација во Советот на Европа при една од седниците на Советот на Европа, кој што морам да кажам, предизвика, за разлика од многу други, поголемо влијание од страна на јавноста. Тој случај, прашањето на тоа што се случувало за време на седницата на Советот на Европа, на заседавањето на неговото парламентарно собрание претставуваше вест број еден на речиси по правило сите медиуми во Република Македонија. Македонската телевизија го даде овој прилог доцна во ноќта во 23,00 часот и нормално имаше поголеми технички и финансиски можности па да овозможи директни изјави од страна на учесници во нашата делегација. Меѓутоа, верувале или не, случајно или не тоа беа само тројца претставници на парламентарното мнозинство. Притоа еден член од делегацијата, двајца заменици членови на делегацијата. Нормално, сето тоа беше претставено и поставено така да покаже дека се работи за голем уште еден голем успех на нашата Влада односно власт или мнозинство, меѓутоа ниту со збор не се допре проблемот кој што понатаму се дебатираше, се отвораше се дискутираше во различни медиуми, а кој што претставуваше политички судир на две концепции или на два политички ставови парекселанс, но за кои што македонската телевизија, се разбира како и многу други претходно, не постоеше. И, така, можеме да одиме понатаму и да броиме примери, па морам да кажам дека веќе како опозиција стануваме хендикепирани да излегуваме со нови и нови примери и веќе се помалку и помалку ја следиме Македонската телевизија и нејзините, барем јас лично, информативни програми, така што само во вакви некои екстремни ситуации чувствуваме потреба за тоа да ја алармираме јавноста.

Би сакала да се осврнам уште и на две други точки кои што не се можеби толку политички, една од целите која е истакната овдека за целите на јавната радио дифузија е дека истата треба да комуницира програмски содржини од интерес на пошироката публика, меѓутоа, да има слух и за малцинските групи. Тука претпоставувам дека се мисли на малцинските групи пошироко нешто што јавниот сервис во оваа држава, кој што ја има привилегијата за финансирање на своите програми, апсолутно по правило не го прави, како и фактот дека дури и подготвувачите на овој текст тврдат дека ќе ги практицираат следните заложби меѓу кои е и постојано подобрување на културата на комуницирање со публиката, што би значело зголемување на интелектуалното

ниво на програмите. Морам со жалење да го констатирам мојот став дека ако се имаат предвид некои делови од новата продукција на МРТВ, ми станува јасно дека неможе да стане збор за подобрување на ова ниво, туку напротив за губење на било какви критериуми и стандарди во подготовката на финансирањето на таквата продукција.

Веќе станува јасно зошто е ваква работата на Македонската телевизија односно зошто политиката на МРТВ е онаква каква што е. Не случај но и документот кој што е цитиран, ќе го повторам по незнам кој пат во овој текст инсистира дека "со документот на земјите членки", значи документ кој што и ние би требало да го почитуваме" им се наложува обврската да ја гарантираат независноста на јавниот радио дифузен сервис од политичкото и економското мешање и таа независност треба да биде гарантирана од страна на плуралистички одбори и други независни тела". Европскиот институт за медиуми кој што го споменав е дури подиректен па вели: "раководителите на државните, особено радио-дифузни медиуми треба да бидат оддалечени колку што е можно повеќе од политичарите и нивните активности". Во Македонија имаме апсолутно неприфаќање на ваквите принципи и наместо прифаќање бараме на принципот на независност, принципот на неполитичност и на органите кои што ја уредуваат политиката и на раководните органи кои што раководат со Македонската радио телевизија, имаме целосна нивна партизација. Тоа е нешто што го тврдевме за што дискутиравме во моментот кога Собранието требаше да ја донесе одлуката какви раководни структури ќе избере. За жал морам да кажам и на опозицијата и мое лично дека тоа не беше прифатено од страна на парламентарното мнозинство и добивме чисто партиски, чисто политички структури кои едноставно не можат да побегнат од спроведување на соодветната партиска политика.

Затоа, не случајно подготвувачите на овој текст на страна 8 се повикуваат на нешто што по се изгледа во оваа држава е веќе институционализирано, а тоа е коалициониот меѓупартиски договор. Па, велат дека како што е познато во коалициониот договор помеѓу владејачките политички партии ВМРО-ДПМНЕ, ДА и ДПА, предвидено е третиот канал да се пренамени итн. Значи, дури и стилот неможе да избегне од замката која што е многу порано поставена, а тоа е партиските луѓе неможат да избегнат едноставно од стегите или обврските кои што им ги наметнува партиската политика.

За крај би сакала да се потсетам на една изјава која што ја има дадено Артур Кларк, кој што вели дека предвидува во скора иднина дека доколку во медиумскиот американски моќник Тед Тарнер, биде избран на највисоката функција во таа држава, а тоа е функцијата на претседател на САД, дека тој ќе ја одбие таа функција, заради тоа што нема да сака да се откаже од својата моќ.

Во Македонија тоа функционира малку поинаку. Па, ја имаме ситуацијата во која што владејачките структури во државата и владејачките структури во МРТВ се целосно испреплетени, така што партиските моќници односно партиските функционери станаа сега медиумски моќници и тие им помагаат на партиските и државните моќници да ја реализираат или да ја кријат својата политика итн. И, апсолутно не постои никаква потреба некој да се откаже од својата моќ, колачот фала богу се сеуште голем и продолжува таа мироЉубива коегзистенција. И се додека е тоа така, се додека не се успее да се излезе од овој пеколен круг на спрега помеѓу политиката, поточно речена политичките партии, државните структури и раководните структури во МРТВ, се дотогаш ќе разгледуваме бројни вакви информации и извештаи сеедно, сите тие ќе бидат причина на дискусии кои што нема ништо да менуваат, дискусии кои што никако нема да влијаат. Караванот наречен ДПМНЕ, МРТВ ќе продолжи да врви а граѓаните или дел од нив, оние кои што ја имаат таа можност само ќе продолжат да го менуваат каналот. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на госпоѓицата Радмила Шеќеринска за учество во расправата.

Реплика има госпоѓата Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседател,дами и господа пратеници, јас си го задржувам, се разбира демократското право да земам збор тогаш кога ќе оценам дали има потреба и кога сакам, меѓутоа, сакам сега да одговорам на еден дел од дискусијата на претходниот дискутант госпоѓица Шеќеринска во врска со последниот престој на делегацијата во Советот на Европа и изјавите на нашата делегација. Ако некој ,би рекла, според мене лично, а верувам и добар дел од делегацијата го дели моето мислење, си ја извршува коректно својата

работа, тоа е нашиот известувач од Советот на Европа и воопшто од Франција, господинот Тони Гламчевски, кој што подеднакво ги покани сите членови на делегацијата да дадат свои изјави по повод на симнувањето на мониторингот од Парламентарното Собрание на Советот на Европа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Госпоѓица Радмила Шеќеринска има реплика.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Јас се извинувам што ќе одговарам на репликата, можеби, не бев доволно јасна. Навистина, немав намера да влезам во дискусија што се спаѓа во доменот на лични прашања, кои што можеби не би требало навистина да бидат од интерес на медиумите. И не ми беше тоа поентата. Она што го кажав предизвика внимание кај македонската јавност, мислев на она што се случуваше за време на Парламентарното Собрание на Советот на Европа и тоа предизвика многу коментари, различни толкувања за однесувањето на различни членови на нашата делегација. Тоа беше вест. Вест беше што се случува со мониторингот. Вест беше кој поднел и какви амандмани и кој ги повлекол тие амандмани,се покажа тоа и пред да се врати делегацијата, се виде тоа и откако се врати делегацијата. Известувачот на Македонската телевизија или барем она што беше прикажано на тој дневник, апсолутно не се осврна на прашањето кое што побуди такво интересирање. Како да македонската делегација на поднела никакви амандмани, како да некој од делегацијата или сите од делегацијата не ги повлекле тие амандмани, како да тоа не претставуваше клучно политичко прашање, посебно бидејќи, се работеше за една, по мене, крупна можност некои работи да се изменат во Советот на Европа, сите тие прашања требаше да бидат третирани. Тоа е апсолутно занемарување или затворање на очи пред едно политичко прашање. Да не зборувам дека во голем дел од случаите  Македонската телевизија ги коментира крајно зависно некои од случувањата. Меѓутоа, во ситуацијава дури и јавноста, барем од страна на Македонската радио телевизија немаше да биде информирана за она што се случувало на ова Собрание. Беше најкарактеристичен пример за различното третирање на политички теми од страна на јавниот радиодифузен сервис, кој што напротив би требало да ги прикаже сите различни мислења и би требало да понуди целосна информација и оние други кои што, всушност го отворија целото ова прашање пред македонската јавност. Инаку,ние немаше да знаеме дека нешто всушност и се случувало проблематично на Советот на Европа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на госпоѓица Шеќеринска за учество во расправата.

Дами и господа пратеници,

Имаме пријавено уште четири, што значи дека до 16,00 часот односно пред 16,00 часот не можеме никако да завршиме, вие знаете дека имавме барање од Социјалдемократскиот Сојуз на Македонија поради многу важен состанок што го имаат во 16,00 часот, денеска да ја прекинеме седницата.

Ќе ве молам, во духот на она што го имаме како еден фер плеј однос меѓу пратеничките групи кога имаме такви состаноци, денеска ќе ја завршам седницата и сакам да Ви кажам дека утре, како што е соопштено, ќе продолжиме со пратенички прашања. Притоа ќе ве молам, најпрвин е подготвен да одговара премиерот на она што ќе му поставите како прашања, а се надевам дека ќе бидат присутни и поголем дел од членовите на Владата на Република Македонија.

Истовремено сакам да ви кажам дека оваа седница ќе ја продолжиме во вторник во 11,00 часот со тоа што и да ја завршевме оваа точка седницата ќе ја прекиневме затоа што последната точка- односно Информацијата за случајот на војничката патрола кај село Танушевци и за случајот на Џевдет Хасани ќе мора да подготват заклучоци надлежните комисии, а пред се Комисијата за внатрешна политика и одбрана за да можеме ние нешто да усвоиме врз основа на таа Информација.

Според тоа, ние утре продолжуваме со пратенички прашања, а во вторник во 11,00 часот ќе продолжиме по оваа прекината седница.

Ве молам притиснете на копчето да видиме кои се присутни.

Во салата се присутни 97 пратеника.

(Седницата заврши со работа во 15,45 часот.)